**Проектниот опфат се наоѓа во КО Ресен и КО Ресен вон град Општина Ресен и во истиот влегуваат делови од следните катастарски парцели КП бр. 6375/1, КП 6399, КП 5993/1 КО Ресен и КП 3316/1 и КП 3314/1 КО Ресен Вон град.**

**Површината на вака оформениот проектен опфат изнесува 2125 м2 или приближно околу 0,21ха.**

**III. Урбанистички планови кои ќе бидат финансирани од Буџетот на Република Северна Македонија**

1. **Проширување на ГУП за град Ресен**

**Граници на опфат :**

**Границите на планскиот опфат за проширување на ГУП на град Ресен се движи по :**

**-На север: до постојна граница на ГУП за град Ресен**

**-На запад по осовина на Голема Река**

**-На југ: до КП 6336/2,КП6336/3,КП6348/1 и КП6350,**

**-На исток: до КП6355/2, КП6355/3, КП6355/1, КП6353/2, КП6309/1, КП6297, КП6288/1, КП6290/1, КП6289/3, КП6289/1, КП6195/5, КП6186, КП6187/1, КП6192/2, КП6192/3, КП6185, КП6183, КП6171, КП6170/2,КП 6169 и КП 6168.**

**Вкупна површина на плански опфат изнесува П= 41,20ха.**

**2 .Изработка на ДУП за УЕ-1 на град Ресен**

**Граници на плански опфат за изработка на ДУП за УЕ1 на град Ресен се протега по границите прикажани во ГУП за УЕ1за град Ресен.**

**3.Изработка на ДУП за УЕ-2 на град Ресен**

**Граници на плански опфат за изработка на ДУП за УЕ2 на град Ресен се протега по границите прикажани во ГУП за УЕ2за град Ресен.**

**4.Изработка на ДУП за УЕ-3 на град Ресен**

**Граници на плански опфат за изработка на ДУП за УЕ3 на град Ресен се протега по границите прикажани во ГУП за УЕ3за град Ресен.**

**5. Изработка на ДУП за УЕ-5 на град Ресен**

**Граници на плански опфат за изработка на ДУП за УЕ5 на град Ресен се протега по границите прикажани во ГУП за УЕ5за град Ресен.**

**6.Урбанистички план за вон населено место за туристичка населба Претор во Општина Ресен**

**Границите на планскиот опфат:**

**Граници:Дефинирани со стариот ДУП за т.н.,,Претор,,**

**Површина:----- П= 95,00 ха.**

---

**7.Урбанистички план за вон населено место за туристичка населба Царина во Општина Ресен**

**Границите на планскиот опфат:**

**Граници:**

**- исток - ,, Преспанско Езеро ,,**

**- југ – кп.156 КО. Стење**

**- запад - дел од патниот правец П-503 ( Макази – царина - граница со Р.Албанија ),**

**- север - дел од патниот правец П-503 ( Макази – царина - граница со Р.Албанија ),**

**Површина:----- П= 13,00 ха.**

---

Програмата ќе биде финансирана од Буџетот на Општина Ресен во рамките на планираните средства за таа програма, во Буџетот на Општина Ресен за 2026 година, како и со средства обезбедени од буџет на Република Македонија и донации од домашни и странски донатори. Реализацијата на истата ќе зависи од расположливите средства од Буџетот на општина Ресен.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр. 08-2768/22
12.12.2025 година
Р е с е н

Претседател
Коста Замановски с.р

## 19.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и 202/24) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Програмата за заштита и благосостојба на животните-третман на бездомните кучиња нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини, без присуство на сопственикот за 2026 година

Се објавува Програма за заштита и благосостојба на животните-третман на бездомните кучиња нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини, без присуство на сопственикот за 2026 година, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 12.12.2025 година.

Бр.09-2835/19 — Градоначалник
15.12.2025 година — Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на член 84 од Одлуката за комунален ред на подрачјето на општина Ресен („Сл.Гласник на општина Ресен“ бр.4/13, 6/14, 10/19), член 36 став 1, точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), Советот на Општина Ресен, на седница одржана на ден 12.12.2025 година ја донесе следната

**Програма**
**за заштита и благосостојба на животните – третман на бездомните кучиња нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини, без присуство на сопственикот за 2026 година**

### 1.Вовед

Врз основа на член 84 од Одлуката за комунален ред на подрачјето на општина Ресен (Сл.Гласник на општина Ресен бр. 4/13, 6/14, 10/19), Општина Ресен е должна да изработи програма за менаџирање со проблемот односно третман на бездомните кучиња.

Согласно член 28 од Законот за заштита и благосостојба на животните, општината, општините во Градот Скопје односно Градот Скопје се надлежни да вршат

собирање на бездомни кучиња односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, доколку ги затекнат на јавни површни без присуство на нивните сопственици и привремено да ги сместат во соодветни прифатилишта - објекти. Во овие објекти треба да се обезбеди елементарна заштита на животните од неповолни временски услови и да се обезбеди нивно ефикасно затворање.

Имплементирањето на оваа програма е од значење како за животните односно кучињата скитници така и за безбедноста на населението на територија на Општина Ресен.

Постапките и активностите за имплементирање на програмата се дефинирани согласно позитивните законски прописи кои го регулираат овај проблем.

Од претходно направена проценка на популацијата на бездомни кучиња, на територија на општина Ресен нивниот број изнесува приближно 500 (петстотини) единки.

Управувањето со овој проблем опфаќа постапка за спроведување на јавна набавка за избор на стручен ветеринарен субјект, кој треба да изврши :

- Заловување на бездомните кучиња, третман на бездомните и заболени бездомни кучиња (кастрација, здравствено третирање, обележување со микрочип, тест за социјализација на кучиња, третирање на кучињата кои ќе бидат позитивни на болеста Лајшманиоза и враќање во регионот каде се заловени) и контрола на популацијата на бездомните кучиња.

**2. Активности по однос на реализација на програмата**

Активностите опфаќаат општи и посебни мерки (споменати погоре во текстот од програмата) и истите ќе ги реализира општина Ресен со спроведување на јавна набавка за избор на Економски оператор од областа на Ветеринарството кој би ги извршил активностите предвидени по однос на оваа програма.

Економскиот оператор треба да поседува прифатилиште одобрено од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство кое треба да обезбедува спроведување на соодветни мерки и персонал со цел за ефикасна заштита на животните, редовно хранење и напојување и доколку е неопходно лекување на животните. За контрола на популацијата на бездомните кучиња, општината, општините во градот Скопје, односно градот Скопје треба заловените бездомни кучиња привремено да ги смести во прифатилиште каде кучињата треба да се кастрираат, односно ојаловуваат, здравствено се третираат, на нив да се изврши превентивна здравствена заштита и тест за социјализација согласно со прописите од областа на ветеринарното здравство по што истите треба да се вдомат или вратат во реонот од каде што биле заловени. Бездомните кучиња треба да бидат трајно обележани со микрочип, а во случај на бездомни кучиња вратени во реонот на заловување и со други видливи средства за идентификација (ушни маркици), на начин кој нема да предизвика непотребна болка или страдање..

Контрола над спроведувањето на обврските предвидени во Законот за заштита и благосостојба на животните и Годишната програма од страна на општина Ресен ќе

вршат надлежните органи: Агенцијата за храна и ветеринарство на РСМ и Одделението за инспекциски надзор при општина Ресен.

Контрола, евиденција, надзор и санкционирање на несовесното пуштање кучиња на јавни површини од страна на граѓани и други субјекти ќе врши Одделението за инспекциски надзор при општина Ресен.

**2.1 Планиран број на заловени кучиња за 2026 година, реони на заловување**

- Во текот периодот опфатен со оваа програма планирано е заловување на 80 (осумдесет) кучиња единки.

- Планирани реони или населени места на заловување ќе бидат местата каде ќе биде евидентирана поголема популација во одреден период на бездомни кучиња. Приоритет ќе има градот Ресен, градската депонија, населените места во близина на градската депонија, места каде ќе бидат евидентирани евентуални каснувања од бездомни кучиња и секаде каде ќе се укаже потреба.

**2.2 Предвидена постапка за кучиња кои ќе бидат позитивни на болеста Лајшманиоза**

Економскиот оператор кој ќе ги реализира активностите од оваа Програма е должен, сите заловени кучиња пред да изврши други превентивни мерки на истите да ги тестира на болеста Лајшманиоза со акредитирана метода во одобрена или овластена лабораторија. Евентуално евидентирање на кучиња со позитивен тест на болеста, бездомните кучиња се евтаназираат веднаш со одборен ветеринарно – медицински препарат за таа намена.

Во случај на серонегативен резултат со акредитиран метод, а доколку кучето покажува клинички знаци на болеста лајшманиоза, тогаш кучето треба повторно да се тестира со молекуларен метод или повторно да се тестира по три месеци.

Сите останати мерки и методи во врска со болеста се третираат од стручни лица, согласно ГОДИШНА НАРЕДБА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНИТЕ ВО 2026 ГОДИНА и останатите законски и подзаконски акти кои поблиску ја регулираат ова проблематика.

**2.2 Тест за социјализација на бездомните кучиња**

Тестот за социјализација на куче се спроведува од страна на овластено лице од Агенцијата за храна и ветеринарство, кое не е актуелен сопственик на кучето и не било во никаков претходен контакт со кучето. Овластеното лице го спроведува тестот за социјализација согласно Правилник за начинот за спроведување на тестот за социјализација на куче.

**3. Известување**

За сите активности поврзани со извршувањето на оваа програма општина Ресен, ќе ги известува и информира граѓаните преку соопштенија истакнати на јавни места, ВЕБ страната на општината, социјалните мрежи, а во соработка со ПС Ресен, противпожарната служба, здравствен дом Ресен.

**4. Финансирање**

Активностите утврдени со оваа програма ќе се реализираат со средства на Буџетот на Општина Ресен за 2026 година, Програмата Ј 8 – други комунални услуги за третман и заштита од бездомни кучиња, како и од заедничката Програма за заштита и благосостојба на животните од Пелагонискиот плански регион.

Вкупно потребни средства за реализација на програмата:

- Заловување и чување на кучиња = 200.000,00 ден.
- Испитување на Лајшманиоза = 130.000,00 ден.
- Стерилизација на кучиња – женки = 125.000,00 ден.
- Кастрација на кучиња – машки = 30.000,00 ден.
- Идентификација и регистрација = 50.000,00 ден.
- Вакцинација и дехелментизација = 55.000,00 ден.
- Тест за социјализација на кучиња
- Еутаназија = 18.000,00 ден.
- Транспорт = 35.000,00 ден.

**Вкупно = 643.000,00 ден.**

**ДДВ = 115.740,00 ден.**

**ВКУПНО со ДДВ = 758.740,00 денари**

**5. Динамика на реализација на програмата**

Активностите од Програмата ќе се реализираат во текот на 2026 година, а одредени мерки ќе се спроведуваат според потребата.
Реализацијата на истата ќе зависи од расположливите средства од Буџетот на Општина Ресен.

**6. Завршни одредби**

Програмата влегува во сила наредниот ден по објавувањето во ,,Службен Гласник на општина Ресен'', реализацијата на истата ќе зависи од расположливите средства во Буџетот на Општина Ресен.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-2768/23
12.12.2025
Р е с е н

Претседател
Коста Замановски с.р

## 20.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и 202/24) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Програмата ФА-уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Ресен за 2026 година

Се објавува Програма ФА-уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Ресен за 2026 година, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 12.12.2025 година.

Бр.09-2835/20
15.12.2025 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на чл.95 ст.(1) и ст.(5) од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.275/19, 224/24, 233/24 и 87/25) член 22 ст.(1) точка 1 од Законот за локална самоуправа (,,Сл. Весник на Р.М” бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), чл. 23, ст.(1) точка 9 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен" бр.7/2010, 13/2013, 08/2015, 11/2015 и 10/2021), Советот на Општина Ресен, на седница одржана на ден 12.12.2025 година, ја донесе следната

**ПРОГРАМА**

**ФА-уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Ресен за 2026 година**

**Вовед**

Програмата за уредување на градежното земјиште за 2026 година изработена од Секторот за урбанизам, комунални работи, лер и прекугранична соработка ги одредува насоките за решавање на комуналните проблеми со кои се соочуваат нашите граѓани, притоа обезбедувајќи основни услови за развој и зголемување на квалитетот на живот.

Програмата го прикажува континуираниот развој на Општина Ресен и зголемените инвестициските активности на општината во наредната година.

Уредувањето на градежното земјиште опфаќа изградба на објекти од комунална инфраструктура, заради обезбедување на напречен пристап до градежната парцела предвидена со урбанистичко планската документација како и сите пропратни елементи како водоснабдување, канализација и други инсталации со приклучоци до градежната парцела.

Содржина на програмата:

1. Просторот кој е предмет на уредување
2. Обемот на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште
3. Извори на финансирање
4. Планирани расходи
5. Динамика на извршување
6. Начин на пресметка на надоместокот за уредување на градежното земјиште
7. Висина на надомесокот за уредување на градежното земјиште
8. Преодни и завршни одредби

## 1. ПРОСТОРОТ КОЈ Е ПРЕДМЕТ НА УРЕДУВАЊЕ

Уредување на градежно земјиште во смисла на Законот за градежно земјиште(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 275/19, 224/24, 233/24 и 87/25) е изградба на објекти на комунална инфраструктура, заради обезбедување на непречен пристап до градежната парцела од јавен пат, изградба на водоводна мрежа, изградба на фекална и атмосферска канализација и друга инсталација со приклучоци до градежната парцела.

## 2. ОБЕМОТ НА РАБОТИТЕ ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Под обем на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште се подразбира:

I. Подготвителни работи
Под подготвителни работи се подразбира:

- Изготвување урбанистичко планска документација
- Обезбедување на проектна документација за инфраструктура
- Регулирање на имотно-правните односи
- Извршување на основни гео – механички испитувања на градежните парцели каде ке се градат објектите од комунална инфраструктура
- Изградба на инфраструктура

II. Расчистување на градежното земјиште
Расчистување на градежното земјиште на градежните парцели се врши со цел опремување на градежната парцела со објекти од комунална инфраструктура.

Под расчистување на градежното земјиште се смета на градежната парцела се смета:

- Отсранување, преместување на постојните комунални објекти и инсталации што сметаат при изградба и користење на нова градба
- Рушење на објекти и пренесување на шутот од урнатите објекти до депонија
- Асацинони работи (израмнување на земјиштето, насипување, одводнување, осигурување од лизгање, расчистување на земјиштето од отпад, растенија и други асациони зафати)
- Решавање на станбените прашања на сопствениците кои живеат или вршат дејност во објектите кои се урипаат, селидба на сопствениците со пренесување на покуќнината и опремата.

## 3. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

- Надоместок за уредување на градежното земјиште
- Изворни приходи на Општина Ресен
- Средства од Министерството за транспорт
- Средства од Министерството за финансии (Светска банка)
- Средства од АФПЗРРМ
- Биро за регионален развој
- Влада на Република Северна Македонија

## 4. ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ

| | ОПИС | Износ во МКД |
|---|---|---|
| **Ф10** | **Урбанистичко планирање** | **20.281.480,00** |
| **Ф20** | **Уредување на градежно земјиште** | **4.300.000,00** |
| 1. | Експропријација на градежно земјиште | 3.000.000,00 |
| 2. | Надзор над изведбата на градежни работи | 1.000.000,00 |
| 3 | Геодетски услуги | 300.000,00 |
| **ФАО** | **Уредување на градежно земјиште ( капитални трошоци)** | **5,500,000,00** |
| 1. | Изработка на проектна документација за инфраструктура и проекти за градба | 5,500,000,00 |
| **Ј** | **Комунални дејности** | **504.939.802,86** |
| **ЈОО** | **Одржување на урбана опрема** | **300.000,00** |
| **ЈГО** | **Изградба на системи за водоснабдување** | **66.887.210,09** |
| **ЈИО** | **Изградба на системи за одводнување и прочистување на отпадните води** | **437.752.592,77** |

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Изградба на фекални канализации и во градот по Програма | 86.919.739,49 |
| 2. | Изградба на фекални канализации и пречистителни станици во селски и туристички населби по Програма | 350.832.853,77 |
| | **Зимска служба по програма** | **1.500.000.00** |
| **Ј3О** | **Јавно осветлување** | |
| **ГДО** | **Енергетска ефикасност на објекти во надлежност на Општина Ресен** | **13.500.000,00** **(**2024 – 2026) |
| **Ј40** | **Јавна Чистота** | **9.275.408,00** |
| 1. | Одржување на јавна чистота по програма | 9.275.408,00 |
| **ЈДО** | **Изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици** | **270.654.613,91** |
| 1. | По програма | 270.654.613,91 |
| **ЈЕ** | **Изградба и одржување на сообраќајна сигнализација** | **1.520.000,00** |
| 1. | По програма | 1.520.000,00 |
| | **ВКУПНО** | **831.471.304,77** |

**5. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

Динамиката на извршувањето ќе зависи од створените правни и технички услови, како и од приливот на средствата од надоместокот за уредување на градежното земјиште и другите средства во Буџетот на Општина Ресен.

Опремувањето на градежното земјиштето се врши по добивање на Одобрението за градење за објектите од комуналната инфраструктура.

**6.НАЧИН НА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ**

Пресметувањето на недоместокот за уредување на градежното земјиште ќе се врши по 1м2 нето изградена корисна површина на објектот во градежниот реон, а се утврдува согласно Правилникот за степенот на уредување на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на уредување на висината на

трошоците за уредување во зависност од степенот на уреденост и Годишната програма за уредување на градежното земјиште.

Меѓусебните права и обврски за уредување на градежното земјиште врз основа на документ за сопственост и основен проект заверен од Општина Ресен, се уредуваат со Договор склучен помеѓу инвеститорот и Градоначалникот на Општина Ресен.

Висината на трошоците за уредување на градежното земјиште се утврдуваат согласно реалните трошоци направени за соодветните степени на уреденост на градежното земјиште со објектите на комуналната инфраструктура како и согласно оваа Програма.

## 7. ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Подрачјето на Општина Ресен ги содржи следните населби , урбани места, туристички локалитети и Вилски населби во кои може да се уредува градежното земјиште во текот на годината:

1) Стамбена населба „Кумсал“ - 2 во УЕ-3 Ресен ,
2) Стамбена населба „Пролет“ во УЕ-1 Ресен ,
3) Стамбена населба „Починалиште“ во УЕ-1 Ресен ,
4) Урбанистичка Единица - 2 Ресен,
5) Урбанистичка Единица - 4 с. Јанковец,
6) Центар на градот Ресен УЕ -5 ,
7) Селски населби во Општина Ресен
8) Вилски населби: Претор, Сирхан, Асамати
9) Туристички локалитети: Царина, Отешево, Коњско, Сирхан, Асамати, Крани, Претор, Долно Дупени и сите приобални локалитети надвор од населените места.
10) Агро берзи, откупно дистрибутивни центри

### 7.1 Стамбена населба „Кумсал“ - 2 во УЕ-3 Ресен

| |
|---|
| 1) Стамбени објекти ............................................................ 1.127,00 ден/м2 |
| 2) Деловни и јавни објекти.................................................... 2.569,00 ден/м2 |
| 3) Други објекти ................................................................ 2.569,00 ден/м2 |
| 4) Бензиска пумпна станица и нејзини придружни обекти... 2.569,00 ден/м2 |
| 5) Објекти од група на класи на намени Б5- угостителски и туристички комплекси, хотелски комплекси и одмаралишта, за објекти од група на класи на намени А4-хотел, мотел, времено сместување во викенд куќи, планинарски и ловечки дом ................................................32.000,00 ден/м2 |
| 6) Детски градинки, пензионерски домови и домови за стари лица........................................................................ 800,00 ден/м2 |
| 7) Објекти за високо образование ........................................ 800,00 ден/м2 |

### 7.2 Стамбена населба „Пролет“ во УЕ-1 Ресен

| |
|---|
| 1) Деловни и јавни објекти................................................ 2.050,00 ден/м2 |

| | |
|---|---|
| 2) | Други објекти .................................................................. 2.050,00 ден/м2 |
| 3) | Бензиска пумпна станица и нејзини придружни обекти ..2.050,00 ден/м2 |
| 4) | Објекти од група на класи на намени Б5- угостителски и туристички комплекси, хотелски комплекси и одмаралишта, за објекти од група на класи на намени А4-хотел, мотел, времено сместување во викенд куќи, планинарски и ловечки дом ................................................32.000,00 ден/м2 |
| 5) | Детски градинки, пензионерски домови и домови за стари лица ......................................................640,00 ден/м2 |
| 6) | Објекти за високо образование ....................................... 640,00 |
| 7) | Стамбени објекти ………….............................................900,00 ден/м2 |

**7.3 Урбанистичка Единица - 2 Ресен**

| | |
|---|---|
| 1) | Стамбени објекти.............................................................1.127,00 ден/м2 |
| 2) | Деловни и јавни објекти ..................................................2.569,00 ден/м2 |
| 3) | Други објекти ...................................................................2.569,00 ден/м2 |
| 4) | Бензиска пумпна станица и нејзини придружни обекти ..2.569,00 ден/м2 |
| 5) | Објекти од група на класи на намени Б5- угостителски и туристички комплекси, хотелски комплекси и одмаралишта, за објекти од група на класи на намени А4-хотел, мотел, времено сместување во викенд куќи, планинарски и ловечки дом ...............................................32.000,00 ден/м2 |
| 6) | Детски градинки, пензионерски домови и домови за стари лица ........................................................800,00 ден/м2 |
| 7) | Објекти за високо образование...........................................800,00 ден/м2 |

**7.4 Урбанистичка Единица - 4 с. Јанковец**

| | |
|---|---|
| 1) | Стамбени објекти .................................................................790,00 ден/м2 |
| 2) | Деловни и јавни објекти....................................................1.800,00 ден/м2 |
| 3) | Други објекти ....................................................................1.800,00 ден/м2 |
| 4) | Бензиска пумпна станица и нејзини придружни обекти .1.800,00 ден/м2 |
| 5) | Објекти од група на класи на намени Б5- угостителски и туристички комплекси, хотелски комплекси и одмаралишта, за објекти од група на класи на намени А4-хотел, мотел, времено сместување во викенд куќи, планинарски и ловечки дом ........................................... ....32.000,00 ден/м2 |
| 6) | Детски градинки, пензионерски домови и домови за стари лица..........................................................560,00 ден/м2 |
| 7) | Објекти за високо образование ..........................................640,00 ден/м2 |

**7.5 Центар на градот Ресен УЕ -5**

| | |
|---|---|
| 1) | Стамбени објекти..............................................................1.127,00 ден/м2 |
| 2) | Деловни и јавни објекти....................................................2.569 ден/м2 |
| 3) | Други објекти ....................................................................2.569,00 ден/м2 |
| 4) | Бензиска пумпна станица и нејзини придружни обекти...2.569,00 ден/м2 |
| 5) | Објекти од група на класи на намени Б5- угостителски и туристички комплекси, хотелски комплекси и одмаралишта, за објекти од група на класи на намени |

| | |
|---|---|
| | А4-хотел, мотел, времено сместување во викенд куќи, планинарски и ловечки дом ..............................................32.000,00 ден/м2 |
| 6) | Детски градинки, пензионерски домови и домови за стари лица.......................................................800,00 ден/м2 |
| 7) | Објекти за високо образование.........................................800,00 ден/м2 |

**7.6 Селски населби во Општина Ресен**, ќе плаќаат 20% од најниskиот надоместок во опфат на ГУП за Град Ресен за уредување на градежно земјиште во градот Ресен во зависност од намената на објектот што ќе се гради.

**7.7 Вилски населби: Претор, Сирхан и Асамати**

Инвеститорите за уредување на градежно земјиште во вилските населби ќе плаќаат по 2.094,00 ден/м2 на нето изградена површина на објектот доколку истиот е со намена на класи на намени А, ако објектот е со друга класа на намени различна од А, тогаш надоместокот се пресметува согласно отсек 7.5 .

**7.8 Туристички локалитети**: Царина, Отешево, Коњско, Сирхан, Асамати, Крани, Претор и сите приобални локалитети надвор од населените места, висината на трошоците за уредување на градежно земјиште во туристичките локалитети ќе изнесува 2.094,00 ден/м2 на нето изградена површина на објектот, ако објектот е со друга класа на намени различна од А, тогаш надоместокот се пресметува согласно отсек 7.5 .

**7.9 Агро берзи, откупно дистрибутивни центри или пазари**

Висината на трошоците за уредување на градежното земјиште ќе изнесува 900ден/м2 x 50% од вкупната пресметана површина што ќе се гради, согласно зеверениот основен прект односно проектот за измени во тек на градба.

**7.10 За објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори (биогориво, биомаса, геотермална енергија и хидроенергија)**

30% од прос.нето плата за последната  X 0,01

**7.11 За објекти за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели)**

20% од прос.нето плата за последната X 0,01 за 50% од површината на градежната парцела

**7.12 За поставување на фотоволтаични панели на кров или фасада на постоен објект**

не се пресметува надомест за уредување на градежно земјиште затоа што не се добиваат дополнителни корисни површини

**7.13 За градби за производство на електрична енергија од ветерна енергија (ветерници)**

За една ветерница 1.200.000 денари

**7.14 За објекти од група на класи на намени Г – производство, диструбуција и сервиси**

30% од просечната нето плата во Република Македонија за последната година, помножена со следните коефициенти:

- Г1 тешка и загадувачка индустрија, 0,05;
- Г2 лесна и незагадувачка индустрија, 0,01;
- Г3 сервиси, 0,01 ;
- Г4 стоваришта, 0,01 и
- Г5 земјоделски згради, 0,01;

**7.15 За објекти планирани со Урбанистичко - проектна документација согласно Член 58 став (6) од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20, 111/22, 171/24 и 224/24) и останати урбанистичко плански документации вон опфат на урбанистичките планови од чл.10 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20, 111/22, 171/24 и 224/24)**

Надоместокот за уредување на градежното земјиште во зависност од намената на објектот ќе се пресметува согласно отсек 7.4. Доколку опфатот планиран со Урбанистичко - проектна документација согласно Член 58 став (6) од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20, 111/22, 171/24 и 224/24) се наоѓа во граници на Туристички локалитети: Царина, Отешево, Коњско, Сирхан, Асамати, Крани, Претор и сите приобални локалитети надвор од населените места, во тој случај надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе се пресметува согласно отсек 7.5.

**7.16 Стимулативна регулатива за плаќање на надомест за уредување на градежно земјиште**

Инвеститорот има право да поднесе барање за плаќање на недоместокот за уредување на градежно земјиште на рати со утврдена динамика на плаќање на следниот начин:  Инвеститорот е должен да уплати 50% од утврдениот паричен износ во договорот за надоместокот за уредување на градежно земјиште на денот на потпишување на договорот, а останатите 50% инвеститорот ќе може да ги уплати најмногу на 12 еднакви месечни рати.

Во случај кога инвеститорот во прилог на Барањето за издавање на Одобрение или Решение за градење, приложи доказ дека надоместокот за уредување на градежното земјиште бил платен од претходен сопственик, оставител, дарител или сл. и се работи за иста градежна парцела каде урбанистичката планска или проекна документација е на сила и не претрпела измени и/или дополнувања за конкретната градежна парцела, тогаш инвеститорот е ослободен од плаќање на надоместокот за уредување на градежното земјиште.

**8. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

За спроведување на програмата надлежен е Градоначалникот на Општина Ресен. Градоначалнкот на Општина Ресен е должен, за прераспоредување на средствата на работите од една во друга позиција во износ до 5% да го информира Советот на Општина Ресен, а за поголемо прераспоредување средства, одлука мора да донесе Советот на Општина Ресен.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од објавување во Службен Гласник на Општина Ресен.

**Програмата ќе биде реализирана согласно расположливите средства од Буџетот на Општина Ресен за 2026 година.**

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-2768/24
12.12.2025
Р е с е н

Претседател
Коста Замановски с.р

## 21.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и 202/24) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот по Програма за одржување на комуналната хигиена во 2026 година на ЈКП „Пролетер“ Ресен

Се објавува Заклучок по Програма за одржување на комуналната хигиена во 2026 година на ЈКП „Пролетер“ Ресен, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 12.12.2025 година.

Бр.09-2835/21
15.12.2025 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 86 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“ бр.7/2010, 13/2013, 08/2015, 11/2015 и 10/2021) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 12.12.2025 година, откако ја разгледа Програма за одржување на комуналната хигиена во 2026 година на ЈКП Пролетер Ресен, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

1. Се усвојува Програма за одржување на комуналната хигиена во 2026 година на ЈКП Пролетер Ресен, заведена под арх.бр.01-496 од 26.11.2025 година.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-2768/25
12.12.2025 година
Ресен

Претседател
Коста Замановски с.р

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН

| Примено: | 04.12.2025 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 08 | 2767/3 | | |


# ЈКП "ПРОЛЕТЕР" - РЕСЕН

Тел: 047/451-643; фах:047/455-461; ж-ка: 200000001089496;


ЈАВНО КОМУНАЛНО
ПРЕТПРИЈАТИЕ „ПРОЛЕТЕР"
Бр.01-496
26.11.2025 год

# ПРЕДЛОГ – ПРОГРАМА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА КОМУНАЛНАТА ХИГИЕНА ВО 2026 ГОДИНА




Јавно Комунално Претпријатие
ПРОЛЕТЕР
Ресен

**Отпад** е сè што луѓето го исфрлаат затоа што повеќе нема употребна вредност за нив. Тој настанува во домаќинствата, индустријата, институциите и природата.

Комуналниот отпад е отпад што секојдневно се создава во домаќинствата, канцелариите и јавните простори. Во него спаѓаат остатоци од храна, хартија, пластика, метал, стакло, текстил и други материјали што ги фрламе во обичните контејнери. Правилното одвојување на отпадот (пластика, хартија, стакло, метал и органски отпад) ја намалува количината отпад што завршува на депонии и овозможува рециклирање, што е многу важно за заштита на животната средина

**Табела: Видови отпад во комунален отпад**

| Вид отпад | Пример материјали | Можност за рециклирање |
|---|---|---|
| Пластика | шишиња, кеси, амбалажа | ✔ Да |
| Хартија и картон | весници, кутии, вреќи | ✔ Да |
| Стакло | шишиња, тегли | ✔ Да |
| Метал | лименки, конзерви | ✔ Да |
| Органски отпад | храна, лисја, растителен отпад | ✔ Компостирање |
| Текстил | стара облека | — Ограничено |
| Мешан отпад | санитарен, валкани материјали | ✖ Не |

**Проблеми што ги создава отпадот**

- Загадување на воздух, вода и почва
- Создавање стакленички гасови (метан, $CO_2$)
- Загрозување на здравјето на луѓето и животните
- Зафаќање големи површини за депонии

**Како правилно да се управува со отпад?**

**1. Намалување (Reduce)**

Купување помалку непотребни производи, избегнување пластика за еднократна употреба.

**2. Повторна употреба (Reuse)**

Користење предмети повеќепати – шишиња, кеси, облека.

**3. Рециклирање (Recycle)**

Одвојување на пластика, хартија, стакло и метал за повторна обработка.

**4. Компостирање**

Биолошки отпад се претвора во хумус за градини.

## ОДДЕЛЕНИЕ НА КОМУНАЛНА ХИГИЕНА ЈКП ПРОЛЕТЕР

Предлог програмата за одржување на комунална хигиена за 2026 год,на ЈКП Пролетер Ресен ја предлага директорот на претпријатието а ја усвојува Управниот одбор на јавното претпријатие.

Согласност дава Совстот на Општина Ресен, врз основа член 11 и 19 од Законот за јавни претпријатија (Сл. весник на РМбр.38/1996 од31.07.1996,измени9/1997; 6/2002; 19/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007 ; 83/2009 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015; 39/2016; 64/2018; 35/2019; 275/2019; 89/2022)

Програмата подразбира организирано собирање и транспортирање на комунален отпад во една урбана средина во рамките на законската регулатива што има директно влијание за зачувување на животната средина гледано од аспект на санитарно и еколошко значење

Одделението на Комунална Хигиена се состои од:

- едно одговорно лице ,
- 10(десет) изнесувачи на отпад,
- 5(пет) шофери ангажирани за управување со специјални возила за управување со отпад „автосмеќари“и
- 1(еден)механичар.

**Табела 1. Покриеност на услугите за собирање од домаќинствата**

| | % од Вкупно население | Интервал на собирање |
|---|---|---|
| **Урбано население** | 7.904 | Еднаш неделно |
| **Рурално население** | 6.239 | Еднаш неделмо |

**Табела 2. Генериран-Собран Комунален отпад количини по вид на отпад за период од 2022-2024 во Општината**

| **Име на општината** | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вид на комунален отпад** | Генерирани количини | | | | | | Собрани количини | | | | | |
| | 2022 | | 2023 | | 2024 | | 2022 | | 2023 | | 2024 | |
| | t | $m^3$ | t | $m^3$ | t | $m^3$ | t | $m^3$ | t | $m^3$ | t | $m^3$ |
| **Вкупен цврст комунален отпад** | 4965 | 16 551 | 5 944 | 16 482 | 6 166 | 20 556 | 4 965 | 16 551 | 5 944 | 16 482 | 6 166 | 20 556 |

# ДИНАМИКА НА ИЗНЕСУВАЊЕ НА ОТПАДОТ ВО РЕСЕН

Динамика на изнесување на отпад е секојдневно во централното градско подрачје и еднаш неделно во другите делови на градот и рурални средини . За да се реализира успешно оваа динамика целото опфатено подрачје е поделено на три реони. Секој реон има точно утврден ден на собирање и изнесување, а критериум за нивно димензионирање се; бројот на домакинствата и територијалната поврзаност на населените места.

Претпријаитјето за 2025 година подготви програма за собирање, изнесување и депонирање на отпадот од градот Ресен и 36(триесет и шест) рурални средини или конкретно во:

Коњско,Стење,Отешево,Шурленци,Волкодери,Покрвеник,ГорноПерово,Долно Перово,Дрмени ,Царедвор,Езерени,Козјак,Горна Бела Црква, Долна Бела Црква, Подмочани,Грнчари,Рајца,Асамати,Вилска НаселбаПретор,Претор Сливница, Крани,Арвати,Штрбово,Наколец,ДолноДупени,Љубојно,Брајчио,Сопотско,Јанковц,Избишта,Болно,Лавци.Во 2025 год се започна со подигнување на отпад во селата Евла, Крушје и Лева Река. До овој момент, од вкупниот број на рурални места во Општина Ресен останати се уште 3(три) села кои не се вклучени во динамиката на изнесување на отпад :

**Златари,Кривени,Горно Дупени**

Имајќи ја предвид определбата на нашата Општина за здрава животна средина и за чиста и еколошки Преспа се налага потреба од проширување на услугата и во овие средини. Нивното опфаќање треба да е предмет на договарање помеѓу Општината, одборите на месните заедници и комуналното претпријаитје. При тоа треба да се има предвид прифаќањето на услугата од страна на жителите на тие месни заедници, а со тоа и обврската за плаќање на истата.Во текот на 2025 год беа посетени и селата во кои не се подигнува отпадот разговарано е со месното население сите се согласија дека треаба да се започни со изнесувањето на отпад.

Во колективните згради,собирањето на отпадот се врши со контејнери од 1100 л . За таа намена низ градот се поставени 60 контејнери и динамиката за нивно изнесување е секојдневно,како и по потреба колку пати ќе се наполнат со отпад од страна на корисниците.

Во тековната година учествувавме во чистење на диви депонии во :

с.Горно Дупени,с.Сливница,т.н.Преток ( кај патеката),на раскрсница између с.Болно и с.Златари.

Депонираниот отпад се одлага во гратската депонија „Алчеви Кошари" во близина на село Златари која се одржува со ровокопач,багер и третирање -покривање со земја.

## ДИНАМИКА НА ИЗНЕСУВАЊЕ НА ОТПАДОТ ВО РЕСЕН

***РЕОН-1 се изнесува во понеделник***

-Корчуланска

-Ленинова

-Ул.4та и 6та

-11ти Октомври-од Ленинова до 29ти Ноември

-Коле Неделковски

-Мите Богоевски- од Ленинова до 29ти Ноември

-Димитар Божиновски

-Никола Карев

-Христо Грасовски

-Михајло Бочкаровски

-Населба Пролет

- ***РЕОН- 2 се изнесува во вторник***

-Иво Лола Рибар

-Борис Кидриќ

-7ма Македонска Бригада

-Крсте Мисирков

-Таше Милошевски

-Охридска

-Крсте Трајчевски

-11ти Октомври-од 29ти Ноември до Ј Јосифовски

-Ј.Јосифовски- од 11ти Октомври до Наум Веслиевски

-Гоце Делчев

-Мите Богоевски-од 29ти Ноември до плштад

-Илинденска

-Кочо Рацин

-Кузман Јосифовски

-Мите Трајчевски

- ***РЕОН-3 се изесува во среда***

-Преспанска

-Милан Думов

-Наум Божиновски

-11ти Септември

-Бигла

-11ти Октомври – чикмаци

- ***РЕОН-4 се изнесува во четврток***

-Јосиф Јосифовски

-Наум Веслиевски

-Мирче Ацев

-4ти Јули

- ***РЕОН-5 се изнесува во петок***

-Индустриска

-Славејко Арсов

-Никола Вапцаров

-Нијази Бег

-11ти октомври-од 29 ти Ноември до Јосиф Јосифовски

-Јосиф Јосифовски-од 11ти Октомври до Н.Веслиевки

-Гоце Делчев

-Илинденска

-Таше Милошевси-од Илинденска до Плоштад

-Мите Богоевски-од 29ти Ноември до Плоштад.

-29ти Ноември

-Мите Трповски

-Стив Наумов

## ДИНАМИКА НА ИЗНЕСУВАЊЕ НА ОТПАД ВО РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ

- ***РЕОН – 1***

  -Стење

  -Волкодери

  -Шурленци

  -Покрвеник

  -Горно и Долно Перово

- ***РЕОН – 2***

  -Болно

  -Царев Двор

  -Дрмени

  -Лавци

  **-Евла**

- ***РЕОН – 3***

  -Сопотско

  -Подмочани

  -Грнчари

-Асамати

-Курбиново

-Крани

-Арвати

-Претор

-Рајца

**-Крушје**

**-Лева Река**

-Избишта

- ***РЕОН – 4***

-Наколец

-Љубојно

-Брајчино

-Долно Дупени

-Јанковец

-Сливница

-Штрбово

- ***РЕОН – 5***

-Горна Бела Црква

-Долна Бела Црква

-Козјак

-Езерени

**ТАБЕЛАРЕН ПТИКАЗ ЗА РАСПОРЕД НА КОНТЕЈНЕРИТЕ НА ЈКП„ПРОЛЕТЕР“ НИЗ ГРАДОТ РЕСЕН**

| | ЛОКАЦИЈА | САДОВИ ЗА ОТПАД | СЕЛЕКЦИЈА НА ОТПАД | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Ул.Наум Веслиевски (Златарска зграда)** | **2** | **1-комунален отпад<br>1-отпад од пластика** |  |
| **2.** | **Ул.„Јосиф Јосифовски“ (Наспроти Сетек)** | **3** | **1-комунален отпад<br>1-отпад од пластика<br>1-отпад од хартија** |  |
| **3.** | **Ул.„Јосиф Јосифовски“ (пред Аптека Анафарм)** | **1** | **1-комунален отпад** |  |
| **4.** | **Ул.„Плоштад цар Самоил“ (Кај Јарболот)** | **2** | **1-комунален отпад<br>1-отпад од хартија** |  |
| **5.** | **Ул.„29-Ти Ноември“ (Кај Семафорите)** | **2** | **1-комунален отпад<br>1-отпад од хартија** |  |
| **6.** | **Ул.„29-ти Ноември“ (Трговски)** | **2** | **1-комунален отпад<br>1-отпад од хартија** |  |

**Селекција на комуналниот отпад**

Селекцијата на употребливи состојки од комуналниот отпад  на местото на создавањето допринесува за квалитетот на урбаното живење, намалување на вкупната количина на отпад, носи економски бенефит и ја зголемува свеста и одговорноста на создавачите и давателите на услугата.

Во 2019 год со цел подобрување на животната средина и намалување на отпадот од стакло од домакинста и намалување на отпадот од стакло на самата депонија Општина Ресен заедно со Пакомак донираја 8 глеми контејнери за селектирање на стакло кои беа распоредени низ централното гратско подрачје, поделени се и пластични канти од 120 л по кафичи,ресторани, низ градот се поделени 21 канта , во т.н.Претор 12 , во Слвиница 8,Автокамп крани  4 и МВР 4 за селектирање на отпадот од стакло, во 2021 го се зголеми собирањето на стакло со тоа што  од страна на Пакомак се добија уште 11 звонасти контејнери кои се распоредија низ поголемите улици во градот со цел да бидат опфатени цела територја на градот. Се оди кон зголемување на бројот на звонасти контејнери кои ке се распредат и во руралните средини со цел намалување на отпадот од стакло и целосна територијална покриеност на Општина Ресен.

Во 2023 год во соработка со Нула Отпад и Општина Ресен распоредени се контејнери за селекција на електричен отпад,во нареден период ке се зболеми бројот на контејнери и во руралните средини.



Мапата со локација на контејнери за отпад од стклo и електричен отпад.

Во 2025 год Комуналното претпријатие преку проектот ЕУ за Преспа доби два камиони за собирање на комунален отап,2000 жолти канти за отпад и 12 контејнри и 6 сини канти и 6 жолти канти кои се наменети за селекција на отпад од пластика.Во 2026 год предвидено е да се започни со селектирање на отоад од пластика со тое што 2000 жолти канти ке бидат подслени во градот Ресен ке се склучат договори со домакинсвата за селекција на отпадот,контејнерите ке се постават кај колективните згради исто за селекција.

[redacted]




Во текот на 2025 год од страна на Одделението на комунална хигиена се направија Акции за собирање на кабаст отпад од домакинствата на неколку локации низ градот Ресен.На интернет страницата на ЈКП Пролетер беа објавени локациите и временски до кога ке се поставени контејнерите.

ЈКП Пролетер - Ресен / JKP Proleter - Resen
22 Sept ·

Известување!!!
Акција!
ЈКП Пролетер - Ресен / JKP Proleter - Resen денес на нови 2 локации низ градот и 1 во с.Јанковец, постави големи контејнери, наменети за собирање на кабаст отпад од домакинства (кревети, душеци, теписи, фотељи, гардероби..)!
1. Ул. Славејко Арсов - најгоре
2. Помеѓу ул. Мирче Ацев и ул. 4ти Јули
3. С. Јанковец - кај бифето
Истите ќе бидат достапни од 22.09 до 26.09
Со почит



ЈКП Пролетер - Ресен / JKP Proleter - Resen
15 Sept ·

Известување!!!
Акција!
ЈКП Пролетер - Ресен / JKP Proleter - Resen денес на 3 локации низ градот постави големи контејнери, наменети за собирање на кабаст отпад од домакинства (кревети, душеци, теписи, фотељи, гардероби..)!
1. Нас. Црквиште - веднаш до влезот на фудбалското игралиште
2. Згради на ул. Ленинова кај контејнерите за селекција
3. Нас. Пролет - во близина на стовариштето
Истите ќе бидат достапни од 15.09 до 19.09
Со почит



**ФИНАНСИСКИ ПЛАН**

**За реализација на Предлог програмата за одржување на комуналната хигиена за 2026 год.**

Според предлог програмата се планирани следните приходи и расходи:

| Реден Бр. | Приходи и расходи | Износ |
|---|---|---|
| **1.** | **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **14 000 000** |
| - | Приходи од смет на домакинства | 10 200 000 |
| - | Приходи од смет на претпријатија | 380 0000 |
| **2.** | **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **17.600 000** |
| - | Трошоци за суровини и материјали и разни | 2 900 000 |
| - | Разни услуги за одржување на опремата | 1.700 000 |
| - | Амортизација | 500 000 |
| - | Бруто плата и надоместоци на вработени | 10 500 000 |
| - | Набавка на половно специјално возило | 2.000 000 |
| | | |
| **3.** | **ЗАГУБА** | **3.600 000** |

Според прикажаните резултати во табелата произлегува дека од приходите ќе се покриваат делумно расходите ,а тоа значи дека треба да се изнајдат дополнителни финансиски средства за покривање на разликата од **3.600.000** ден. Според Нас истата може да се надомести со корекција на цената на услугата која не е променета од **2005 год** за комунална хигиена (кај домаќинствата и кај претпријатијата ) или од Буџетот на Општина Ресен.

## 22.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и 202/24) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот по Програма за одржување на јавната чистота во град Ресен за 2026 година на ЈКП „Пролетер“ Ресен

Се објавува Заклучок по Програма за одржување на јавната чистота во град Ресен за 2026 година на ЈКП „Пролетер“ Ресен, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 12.12.2025 година.

Бр.09-2835/22
15.12.2025 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 86 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“ бр.7/2010, 13/2013, 08/2015, 11/2015 и 10/2021) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 12.12.2025 година, откако ја разгледа Програмата за одржување на јавната чистота во град Ресен за 2026 година на ЈКП „Пролетер“ Ресен, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

1. Се усвојува Програмата за одржување на јавната чистота во град Ресен за 2026 година на ЈКП „Пролетер“ Ресен, заведена под арх.бр.01-497 од 26.11.2025 година.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-2768/26
12.12.2025 година
Ресен

Претседател
Коста Замановски с.р

РЕПУБЛИКА ... ОПШТИНА РЕСЕН

| Примено: | 04.12.2025 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 08 | 2767/4 | | |

# ЈКП "ПРОЛЕТЕР" - РЕСЕН

Тел: 047/451-643; фах:047/455-461; ж-ка: 200000001089496;
д-нт Стопанска банка АД Скопје; e-mail: jkpresen@gmail.com

ЈАВНО КОМУНАЛНО
ПРЕТПРИЈАТИЕ „ПРОЛЕТЕР"
Бр. 01-497
26.11.2025 год.

## ПРЕДЛОГ – ПРОГРАМА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА ВО ГРАД РЕСЕН ЗА 2026 ГОДИНА



Ресен,Ноември 2025 год.

Јавно Комунално Претпријатие ПРОЛЕТЕР Ресен I ОП

## 1.Општо за јавно Прометни Површини

Под поимот Јавни Површини (ЈП) спаѓаат сите јавни површини на територијата на Општина Ресен.

Јавно Прометни Површини (ЈПП) кои се во функција на граѓаните за одвивање на сообраќај на граѓани и возила и тоа:

Тротоари
Улици
Плоштади
Спортски терени

Јавно Прометни Површини - Паркови и Зеленило (ЈППЗ) кои се во функција на граѓаните за одмор и рекреација се:

Паркови со ниска вегетација
Паркови со висока вегетација

За изработка на организационен план за чистење на ЈПП меѓу другото потребна е и категоризација на ЈПП.
Категоризацијата на ЈПП зависи од:

Густината на населението
Густина на сообраќај
Правците на движење на граѓаните и возилата до фирмите, домовите и секојдневните потреби.

Во планирањето и димензионирањето на работата, работната рака и механизацијата за одржувањетона јавната чистота на јавните површини и патишта ,како клучни фактори се земени:
- Одредувањето на нивото и динамиката на одржување на комуналната јавна чистота на јавните
површини (категоризацијата);
- Димензиите,типот и формата на јавните површини (големина);

- Начинот на одржување на јавната чистота;
- Пресметка на нормите за работа врз кои се врши димензионирањето на работата,работната
рака и механизацијата

## 2.Потекло и вид на сметот на јавно собраќајните површини

Според начинот на живење и работење на луѓето одржувањето на јавната чистота е условено од следниве фактори:
- Густина на населеност;
- Градскиот собракај;
- Станбениот простор;
- Културните навики на населението;
- Стандардот на граѓаните;
- Самодисциплината на граѓаните;
- Придружување на позитивните прописи;

Од овие фактори е условен и степенот на згаденост на ЈПП начинот и динамиката на одржување на истата.

**1. Секојдневен смет**:

*А) Обичен уличен смет*
- кутии од цигари и кибрити, отпадоци од цигари;
- искористени билети, хартија од разни пакувања;
- останати отпадоци од сличен карактер;

*Б) Отпадоци од возила кој настануваат при:*
- при превоз на разновиден материјал(градежен материјал,овошје зеленчук и технолошки материјал)
- при товарње и растоварање на разни стоки;
- при собирање на домашен смет;
- при косење на тревни површини.

*В) Загадување од атмосверата*
- загадување од чад, прав;
- индустриски оџаци;
- гасови од моторни возила;

*Г) При интензивно врнење на дождови*
-наноси од земја,песок,лисја и друго

**2. Сезонски смет**

Се појавува сезонски и обично го има два вида:
- лисја од дрвјата,земјоделски отпад, суви гранки и слично
- песок ,згура и ситен камен кој во зимскиот период служи за посипување на ЈПП површини заради намалување на лизгавоста која по престанокот на мразевите и снеговите треба темелно да се острани

**3.Чистење-метење на Јавните Површини (ЈП)**

Динамиката на чистење на ЈП се утврдува врз основа на следните приоритети:

1. **ЈП од I приоритет.** Во овој приоритет спаѓаат ЈП кои се чистат секој ден и во лето и во зима. Такви се градскиот плоштад и улиците во и околу центарот на градот.
2. **ЈП од II приоритет.** Во овој приоритет се сврстени ЈП кои се чистат еднаш месечно. Такви се улиците кои водат кон центарот на градот.

3. **ЈП од III приоритет.** Во овој приоритет се сврстени ЈП кои се чистат два пати годишно-во лето и во зима. Такви се делови од приодите кон градот кои имаат и третман на градски улици.

Поголемиот дел од ЈП ќе се метат машински. Но поради што ваквиот начин на метење не може да се спроведи и во услови кога има снег,во месец Декември и Јануари предвидените површини ќе се метат рачно.Потребните часови и извршители за редовно одржување на хигиената во ЈП ќе се пресметаат според методологија за таа намена.

Методологијата е земена од Прирачникот за нормирање на работите и работните задачи за чистење на ЈП. Овој прирачник е издаден од страна на здружението за комунални дејности при Стопанската комора на Македонија.

## 4.ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ ОД I ПРИОРИТЕТ

| Ред.бр. | УЛИЦА | Бруто површ. во м² | Повр. што се метат во м² | Вид на подлога на ЈП | Норматив час/ м² | Вкупно часа | Тротоари | Вид на подлога на ЈП | Норматив час/ м² | Вкупно часа |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Плоштад | 4 250 | 4 250 | Плочки | 0,0003 | 1,17 | / | / | / | / |
| 2 | Ј.Јосифовски<br>Од х.Китка до Г.Џамија | 3 500 | 700 | Асфалт | 0,0003 | 0,26 | 1 650 | Асфалт | 0,0040 | 6,36 |
| 3 | 11-ти Октомври<br>Од х.Китка до 29ти Ноември | 1 910 | 380 | Асфалт | 0,0003 | 0,14 | 628 | Асфалт | 0,0040 | 2,30 |
| 4 | Т.Милошевски<br>Од Центар до Б.Кидрич | 1 820 | 967 | Асфалт | 0,0003 | 0,35 | 1 150 | Асфалт | 0,0040 | 4,36 |
| 5 | Илинденска<br>Од Пошта до Лебара | 960 | 192 | Асфалт | 0,0003 | 0,07 | / | | / | / |
| 6 | М.Богоевски<br>Од Центар до 29-ти Ноември | 1 450 | 1 170 | Плочки | 0,0003 | 0,21 | 140 | Асфалт | 0,0040 | 0,34 |
| 7 | 29-ти Ноември<br>Од Полиција до Б.Кидрич | 6 810 | 1 362 | Асфалт | 0,0003 | 0,49 | 3 550 | Плочки | 0,0040 | 14,12 |
| 8 | Б.Кидрич | 6 130 | 1 226 | Асф | 0,0003 | 0,44 | 760 | Асфа | 0,0040 | 3,02 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Од фурна до Г.Џамија | | | алт | | | | лт | | |
| 9 | Паркинг зад општина | 1 750 | 1 750 | Асфалт | 0,0003 | 0,31 | / | / | / | / |
| 10 | Гоце Делчев Од Ј.Јосифовски до Т.Милошевски | 1 900 | 1 900 | Плочки | 0,0003 | 0,34 | / | / | / | / |
| | ВКУПНО: | 30 480 | 12 350 | | | 5,38 | 7 878 | | | 31,30 |

Од табеларниот преглед се гледа дека за едно чистење-метење на ЈП од овој приоритет се потребни вкупно 5,38 часа машинско миење и 31,30 часа за рачно метење.Постапката за мачинско метење трба да се пофтори 200 работни денови. Истите површини во Декември и Јануари ќе се метат рачно за што се потребни 49,4 часа или (12,350 м² x 0,0040 ч/м² = 49.24 часа) тогаш вкупниот потребен фонд на часови годишно ќе е: За машинско метење 5,38 ч/ден x 200 ден/год =1,076 часа За рачно метење 31,30 ч/ден x 253 дена/год = 7.919 часа За рачно метење 49,24 ч/ден x 53 дена/год = 2,610

## 5.ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ ОД II ПРИОРИТЕТ

| Реден број | УЛИЦА | Бруто површина во м² | Површини што се метат м² | Вид на подлога на ЈП | Норматив час/ м² | Вкупно часа |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Корчуланска Од Ленинова до 29-ти Ноември Кај полициска станица Ресен | 2 450 | 700 | Асфалт | 0,0003 | 0,13 |
| 2 | 11-ти Октомври Од Ленинова до 29-ти Ноември (раскрсница) до Ј.Јосифовски кај такси постројка центар | 2 450 | 700 | Асфалт | 0,0003 | 0,13 |
| 3 | Мите Богоевски со Ленинова до 29-ти Ноември | 2 100 | 700 | Асфалт | 0,0003 | 0,13 |
| 4 | Иво Лола Рибар од | 2 100 | 700 | Асфалт | 0,0003 | 0,13 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ленинова до 29-ти Ноември | | | | | |
| ВКУПНО: | | 9 100 | 2 800 | | | 0,52 |

Од табеларниот преглед се гледа дека за едно машинско чистење-метење на ЈП од овој приоритет се потребни 0,52 часа. Ако се има предвид дека оваа постапка треба да се повтори 12 пати во годината, секој месец, тогаш вкупниот број на потребни часови годишно ќе биде:
0,52 часа х 12 пати годината = 6.24 часа/годишно

## 6.ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ ОД III ПРИОРИТЕТ

| Реден број | УЛИЦА | Бруто површина во м² | Површини што се метат м² | Вид на подлога на ЈП | Норматив час/ м² | Вкупно часа |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Ленинова Од Корчуланска до Б. Кидрич | 6 650 | 1 900 | Асфалт | 0,0003 | 1,08 |
| 2 | Борис Кидрич Од гробишта до 29-ти Ноември | 5 600 | 1 600 | Асфалт | 0,0003 | 0,58 |
| 3 | Јосиф Јосифовски Од Г.Џамија до бензинска кон Битола | 4 900 | 1 400 | Асфалт | 0,0003 | 0,50 |
| 4 | Наум Веслиевски Од Ул. Бигла до Голема Река | 4 900 | 1 400 | Асфалт | 0,0003 | 0,50 |
| ВКУПНО: | | 22 050 | 6 300 | | | 3,46 |

Од табеларниот преглед се гледа дека за едно машинско чистење-метење на ЈП од овој приоритет се потребни 3,46 часа. Ако се има предвид дека оваа постапка треба да се повтори 2 пати во годината, тогаш вкупниот број на потребни часови годишно ќе биде:

3,46 часа х 2 пати годината = 6,55 часа/годишно

Ако се собере потребниот годишен фонд на часови на сите три приоритети,вкупно годишно за машинско метење ќе се потребни 1.089 часа или:
1.076,00 часа I Пр. + 6,24 часа II Пр + 6,55 часа III Пр. = 1.089,19 ~ 1.089
За да се утврдат вкупниот број на потребни работници за рачно метење на ЈП,за делови каде што тоа не може да се направи машински како на пример на

тротоарите,треба да се подели со вкупните работни денови во годината (253 работни денови ) и со редовни саати за еден работник во еден работен ден. Истото треба да се направи и за деловите кои се метат машински за месец Декември и Јануари за кога се претоставува дека може да има снег (53 работни денови) и метењето мора да е рачно или :

[(7.919+2.610 час/год) : (253+53 раб.ден/год)] : 8 час/ден=4,30 раб~4 раб.

Според резултатот за да се реализира понуденото ниво на хигиена во градот ЈП според утврдените приоритети во текок на годината се потребни : 1.089 часа за машинско метење и 4 извршители-работници за рачно метење а нивно организирање и нивната работа ќе ја кординира еден одговорен работник-шеф. Според направените калкулации на параметрите во цената на чинење на услугата машинско метење (потрошеното гориво , амортизацијата на возилото и надоместокот за возачот ), утврдена е цена од 2,000 ден/час.

Зависно од периодот на извршување-реализација на услугата во јавната чистота разликуваме:

-Летен период кој трае од 01.04. – 31.10. во траење од 7 месеци,

-Зимски период кој трае од 01.11. – 01.04. во траење од 5 месеци

Чистењето-метењето во летниот период ќе започне од 05 часот и ќе заврши до 13 часот, со тоа што од 01.06 -31.08. ќе се организира дежурство со еден работник од 12 – 20 часот, додека во зимскиот период редовното работно време ќе биде од 06-14 часот.

Ако временските услови наметнуваат потреба за поинакво организирање на работите тогаш ќе се постапува според Планот за зимско одржување на ЈП.

Во продолжение приложуваме финансиски план за реализација на делот чистење-метењена ЈП од сите три приоритети.

**7.Миење – поливање на Јавните Површини**

Освен со метење во летниот период хигиената во ЈП се одржува и со миење или поливање со цистерна. Со оваа услуга се планира да се започне од 01 мај до 31 август или по месеци се нуди следната динамика:

1. 1. МАЈ 1 (ЕДНО) МИЕЊЕ НЕДЕЛНО ИЛИ 5 МИЕЊА ЦЕЛ МЕСЕЦ
2. ЈУНИ 2 (ДВЕ) МИЕЊА НЕДЕЛНО ИЛИ 8 МИЕЊА ЦЕЛ МЕСЕЦ
3. ЈУЛИ 3 (ТРИ) МИЕЊА НЕДЕЛНО ИЛИ 13 МИЕЊА ЦЕЛ МЕСЕЦ
4. АВГУСТ 3 (ТРИ) МИЕЊА НЕДЕЛНО ИЛИ 13 МИЕЊА ЦЕЛ МЕСЕЦ

Со миење ќе бидат опфатени ЈП од трите приоритети. Според досегашното искуство за извршување на оваа услуга се потребни 4 часа и истата ќе се

реализира од 02 -06 часот наутро. Треба да се напомене фактот дека при извршување на оваа услуга возилото троши огромни количини на гориво така што при пресметување на цената на чинење на оваа услуга главен параметар е потрошеното гориво.

***Вонпрограма за одржување на ЈПП за 2026 г. се предвидени и следниве активности:***

- Расчистување на диви депонии;
- Расчистување гробишта вондредно;
- Вршење повремени работи;
- Подигање на згазени и умрени животни од јавни површини;
- Вршење на дополнителни и вонредни активности;

-Средување и одржување на новиот парк за деца на ул."Димитар Божиновски„;
-Косење и средување на патка од туристичка населба Претор до с.Сливница;
-Средување на споменици во с.Златари, с.Крушје и с.Отешево;

## 8.Одржување на зеленилото на градскиот плоштат

Во нашиот град зеленилото кое се одржува организирано е застапено во релативно мали површини. Паркот на градскиот плоштад зафаќа површина од 2274м$^2$ во кој има украсни дрвја и разни грмушки, паркот на раскрсница помеѓу улицата Корчуланска и Ленинова како и еден дел од мултидисциплинарното игралиште во Црквиште.

Гореспоменатите површини во текот на 2026 година ќе се одржуваат со :

-Одржување и оформување на укрсните дрвја и грмушките,

-Заштита на истите од разни болести,

-Одржување,косење како и наводнување на тревата од паркот,

-Собирање и транспортирање на разни видови на отпад од тревната површина и др.

-Миење на плоштад секоја недела рачно со големо церево и еднаш месечно со фап-камион

Големо внимание во текот на годината му посветуваме и на садењето на сезонско цвеќе.Тоа ќе го направиме со садење на двапати кај столбот кај јаболкото,додека на канделабрите на плоштадот Цар Самоил на улица "Мите Богоевски" и улица "Гоце Делчев" ќе посадиме украсни висечки цвеќиња и цвекиња во жардинерии.

Во делот на одржување на дрворедите низ улиците исто така му посветуваме  големо внимание и тоа со обликување ,фарбање на истите до висина од 1 метро од асфалтот,како и прскање со заштитните средства за заштита од штетници и болести.

Редовното одржување на градското зеленило во текот на целата година ќе се реализира со двајца работници, додека во текот на годината кога има повеќе работа за нивно одржување ќе ангажираме дополнително и други работници од останатите делови од претпријатието.


Ресен



















## 9.ФИНАНСИСКИ ПЛАН

**За реализација на програмата за одржување на јавната чистота во Ресен за 2025 год потребни следните финансиски средства**

| Рб | ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ | Износ во денари |
|---|---|---|
| 1 | Бруто плата за 1 одговорен работник –шеф<br>1шеф 50.000ден х 12месеци = 600.000,00 | 600.000,00 |
| 2 | Бруто плата за 7 работници<br>7 работници х 39.645,00 х 12месеци = 3,330,204.00 | 3,330,204,00 |
| 3 | Др.надоместок за работа | 150.000,00 |
| 4 | Средства за лична заштита при работа | 45.000,00 |
| 5 | Рачен алат за работа | 80.000,00 |
| | **ВКУПНО** | **4.205,204,00** |

| **ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ПО АКТИВНОСТИ** | | |
|---|---|---|
| **РБ** | Активности | |
| **1** | За чистење -метење на ЈПП | 4.205,204,00 |
| **2** | За миење-поливање на ЈПП | 355.000,00 |
| **2** | За одржување на зеленило | 510.000,00 |
| | **ВКУПНО** | **5.070,204,00** |
| | **Планирани Приходи по видови** | |
| **1** | Приходи од домакинство<br>2.400 дом.х 120 ден х 12 месеци | 3.456,000,00 |
| **2** | Приходи од претпријатија<br>285 преп х360 ден х 12 месеци | 1.231.200,00 |
| | **ВКУПНО** | **4.687,200,00** |
| | **РАЗЛИКА ПОМЕЃУ ПРИХОДИ И РАСХОДИ (II-I)** | **383.004,00** |

Според прикажаните резултати во табелата произлегува дека од планираните приходи утврдени според Одлуката за одржување на јавната чистота во Општина Ресен (Сл. Гласник бр.08-1024/12 од 23.05.2024) ќе се покриваат делумно, и покрај зголемената цена треба да ни се изнајдат дополнителни финансиски средства за покривање на разликата од **383.004,00**ден.Според Нас разликата може да се надомести со помош од Буџетот на Општина Ресен.

# ПРОГРАМА ЗА ЗИМСКО ЧИСТЕЊЕ НА СНЕГ – ЈКП РЕСЕН

## ОФИЦИЈАЛЕН ВОВЕД

Оваа програма е изработена согласно потребите на општина Ресен за навремено, квалитетно и организирано зимско одржување на јавните површини во период од 15 ноември 2025 до 15 март 2026 година. Програмата е составена како службен документ и е наменета за усвојување од страна на Совет на Општина Ресен.

## РАБОТНИ ЕКИПИ

| Екипа | Број на работници | Опис |
|---|---|---|
| Екипа 1 – Багер/трактори | 2 | Механизирано чистење на улици, приоритетни патеки, приоди |
| Екипа 2 – Рачни машини | 2 | Чистење пешачки патеки, тротоари и јавни површини |

## РАБОТНИ ЧАСОВИ

| Тип на работник | Часови по работник | Вкупно часови |
|---|---|---|
| Багерист | 968 часа | 1.936 часа |
| Рачен работник | 968 часа | 1.936 часа |
| ВКУПНО | | 3.872 часа |

## МЕХАНИЗАЦИЈА И ТРОШОЦИ

За непречено чистење на снег се користи багерска механизација, која бара:
• Потрошувачка на гориво: просечно 7–12 литри на час во зависност од оптоварување.
• Редовно дневно проверување на масло, хидраулика и ланци.
• Можни дополнителни трошоци за сервисирање.
• Потреба од дежурни возачи во услови на интензивни врнежи.

## ФИНАНСИСКИ ПРЕСМЕТКИ

| Месец | Багерист | Рачен работник | Забелешка |
|---|---|---|---|
| Ноември (15–30) | 18.550 ден. | 14.840 ден. | 0.53 месец |
| Декември | 35.000 ден. | 28.000 ден. | |

Документ изготвен за службена употреба – ЈКП Ресен

| | | | |
|---|---|---|---|
| Јануари | 35.000 ден. | 28.000 ден. | |
| Февруари | 35.000 ден. | 28.000 ден. | |
| Март (1–15) | 18.480 ден. | 14.784 ден. | 0.48 месец – со зголемување |
| За двајца работници/машинист и | 284.060 ден нето плата<br>436.780 ден бруто плата | За двајца работници/рачни | 113.624 ден нето плата<br>173.761 ден бруто плата |

## ЗАКЛУЧОК

Со оваа програма ЈКП Ресен обезбедува структуриран, транспарентен и професионален план за зимско одржување. Документот служи како работна основа за организација на екипи, распределба на средства и обезбедување ефикасно функционирање на јавните служби во зимски услови.

## БУЏЕТ ЗА ГОРИВО И СЕРВИС

Во продолжение е прикажана пример пресметка за трошоци за гориво и сервисирање на багерската механизација користена за зимското чистење на снег. Пресметките се приближни и врз основа на стандардна потрошувачка, цени на горива и редовно сервисирање за период од 15 ноември до 15 март.

Претпоставки за пресметка:

• Просечна потрошувачка на багер: 10 литри на час

• Цена на дизел: 80 денари по литар

• Вкупни часови работа: 484 часа по багер (968 часа за два багери/работници)

## ПРЕСМЕТКА НА ГОРИВО:

10 литри/час × 484 часа = 4.840 литри дизел

4.840 литри × 80 ден/л = 387.200 денари

## ПРЕСМЕТКА НА СЕРВИСИРАЊЕ:

Редовно сервисирање во текот на зимската сезона опфаќа:
• смена на масло
• филтри
• хидраулична течност

Документ изготвен за службена употреба – ЈКП Ресен

• мали поправки и подмачкување
Проценет зимски сервис буџет: 35.000 денари

## ВКУПЕН БУЏЕТ:

Гориво: 387.200 денари

Сервис: 35.000 денари

🎯 **ВКУПНО:** 422.200 денари

## ВКУПЕН БУЏЕТ ЗА ПЛАТИ:

Бруто плата за 2 шофери со механизација 436.780 денари
Бруто плата за 2 раборници со рачни чистачи за снег 173.761 денари

**ВКУПНО:** 610.541 денари

## ВКУПЕН БУЏЕТ ЗА ГОРИВО И СЕРВИС И ВКУПЕН БУЏЕТ ЗА ПЛАТИ

422.200 денари + 610.541 денари = 1.032.741

Врз основа на анализата на досегашното искуство, минато годишните временски состојби и навремено и безбедно оджување на уличната и локалната патна мрежа во зимски услови, ЈКП Пролетер Ресен ја изработи оваа програма со потребните трошоци за извршување на зимско чистење и интервентни активности.

Во прогамата се предвидени трошоци за зимско одржување, потрошен материал, работна сила за дежурства и теренски активности, сервисирање, одржување и подготовки на механизациата но и итни интервенции при екстремни услови.

Пресметката е изработена врз основа на реалните расходи од предходните години, како и просечните количини на снег и временски услови карактеристични за Општина Ресен.
Наведените Финансиски потреби се минимално неопходни за непречено функционирање на службите и за навремено реагирање во текот на целата зимска сезона.

Важно: Доколку во текот на зимскиот период настанат елементарни или непредвидени временски појави односно продолжени студени бранови, можно е зголемување на трошоците над предвидените рамки согласно реалната состоба на терен и согласно минималната рамка на буџет која ја одредивме.

Со оваа програма ЈКП Пролетер Ресен бара одобрување на потребните средства од Општина Ресен за квалитетно, навремено и безбедно зимско одржувае на јавните површини и патната мрежа.










**Изготвил:**

Леонора Реџепи

ЈКП "Пролетер"- Ресен
в.д Директор

Марчел [illegible]

**23.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и 202/24) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот по Програма за работа на градските гробишта - Ресен за 2026 година на ЈКП „Пролетер“ Ресен

Се објавува Заклучок по Програма за работа на градските гробишта - Ресен за 2026 година на ЈКП „Пролетер“ Ресен, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 12.12.2025 година.

Бр.09-2835/23 Градоначалник
15.12.2025 година Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на член 86 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“ бр.7/2010, 13/2013, 08/2015, 11/2015 и 10/2021) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 12.12.2025 година, откако ја разгледа Програмата за работа на Градските гробишта - Ресен за 2026 година на ЈКП „Пролетер“ Ресен, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

1. Се усвојува Програмата за работа на градските гробишта - Ресен за 2026 година на ЈКП „Пролетер“ Ресен, заведена под арх.бр.01-498 од 26.11.2025 година.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-2768/27 Претседател
12.12.2025 година Коста Замановски с.р
Р е с е н

ОПШТИНА РЕСЕН
Примено: 04.12.2025
Организациона единица | Број | Прилог | Вредност
08 | 2767/6

# ЈКП „Пролетер“- РЕСЕН

Ул. Обиколна бр. 22, Тел: 047 451-643, фах: 455-461

Јавно Комунално Претпријатие
ПРОЛЕТЕР ЦО
бр. 01-498
26.11.2025 год.
РЕСЕН

## Програма за работа на Градските гробишта - Ресен
## за 2026 година




Јавно Комунално Претпријатие ПРОЛЕТЕР Ресен ОП

Ресен, 2025 година

Градските гробишта во Ресен за основна функција имаат погребување на покојните и извршување на христијански обичаи и навики на населението. Обезбедувањето на оваа функција на гробиштата е во надлежност на Работната Единица Гробишта при ЈКП „Пролетер" - Ресен.

Во опсегот на активности кои ќе се спроведуваат за одржување и управување на градските гробишта спаѓаат следните:

1. Редовно чистење и изнесување на отпадот. Во текот на годината редовно се создава отпад од страна на корисниците како и од други лица како каменорезачи кои изработуваат споменици. Отпадот кој се создава е комунален но вклучува и градежен шут. Отпадот кој се создава редовно се изнесува од страна на ЈКП Пролетер Ресен. За оваа цел се поставени контејнери од 1 $м^3$ на повеќе места низ градските гробишта.

2. Редовно косење на тревата. Во текот на целата година се врши редовно косење на тревата на гробиштата. Косењето се врши онолку пати колку што е потребно.

3. Одржување и кастрење на дрвата но и целосно отстранување на истите, бидејки постои опасност да настане штета по надгробните споменици.

4. Одржување на патеките кои се наоѓаат во градските гробишта.

5. Одржување на водоводната мрежа во гробиштата. Низ гробиштата се наоѓаат чешми кои се дел од градскиот водовод и чие одржување е обврска на ЈКП Пролетер Ресен.

6. Чистење на патеките од снег во зимскиот период. Ова се прави со цел да се овозможи непречено движењеи вршење на функцијата.

Други активности кои се работа на ЈКП Пролетер Ресен како управител на градските гробишта се:

1. Водење на дневник и регистар на погребаните лица.

2. Водење евиденција за корисници на гробни места.

3. Собирање информации за постоечки стари искористени гробни места, гробни места кое се руинирани и кои не се одржувани со цел воспоставување контакти со роднини на починатите.

4. Со цел да се расчисти со неплаќачите кои користат гробни места како би се наплатила услугата од нивна страна или пак да се отстапи гробното место од нивна страна во корист на ЈКП „Пролетер" се работи на ажурирање на книговодствената евиденција и споредување на фактичката ситуација со ситуацијата на терен.

## ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА УРЕДУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ГРАДСКИТЕ ГРОБИШТА

**ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ**

- Гориво за косачките – паушал .....................................................120.000,00 ден.
- Трошоци за одржување на косачките .........................................40.000,00 ден.
- Гориво за багер, камион, трактор ..................................................50 000,00 ден.
- Бруто плата за раководителот...............................................66.500,00 ден x 12 месеци=798.000,00 ден.
- Бруто плата за работникот ........................................................42.920,00 x 12 месеци =515.040,00 ден.
- Бруто плата за работниците кои повремено работаат 4 месеци 42.920,00 x 4 месеци ....................................................................171.680,00 ден.
- Опрема и алат за работа ...............................................................12.840,00 ден.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| - 1 зимско одело | x | 1.840,00 ден | = | 1.840,00 ден. |
| - 1 летно одело | x | 2.600,00ден | = | 2.600,00 ден. |
| - 1 работен мантил | x | 500,00 ден | = | 500,00 ден. |
| - 8 пара нараквици | x | 200,00 ден. | = | 1600,00 ден. |
| - 2работна маица | x | 200,00ден | = | 400,00 ден. |
| - 2 пара чизми | x | 800,00 ден. | = | 1.600,00 ден. |
| - 2 лопати | x | 600,00 ден. | = | 1.200,00 ден |
| - 2 казми | x | 600,00 ден. | = | 1.200,00 ден. |
| - 2 вили | x | 650,00 ден. | = | 1.300,00 ден. |
| - очила и маска за заштита | x | 600,00 ден. | = | 600,00 ден. |

ВКУПНО ЗА ОПРЕМА И АЛАТ ЗА РАБОТА .....12.840,00 ден

**ВКУПНО РАСХОДИ: 1.707.560,00 ден.**

- Изведба на пристапни патеки.............................. 13.000,00 ден./m³ (набавка транспорт и вградување)
- Тампон за пристапни патеки.............................. 1.300,00 ден./m³ (набавка транспорт и вградување со набивање и балирање)
- Хортикултурно уредување со зимзелени растенија ....... 2.500,00 ден./пар.

**ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ:**

1. Приходи од пристап на гробишта на оператор за превоз
   70 случаеви годишно x 1.500,00 ден........................105.000,00 ден.
   - Приходи од пристап на гробишта на оператор за споменици
     10 случаеви годишно x 2.000,00 ден........................20.000,00 ден
   - Приход и од одржување на гробни места
     1.350 гробни места x 100,00 ден x 12 месеци..........1.620.000,00 ден
   - Приходи од продажба на гробни места
     10 нови гробни места годишно x 21.000 ден. .............210.000,00 ден

**ВКУПНО ПРИХОДИ: 1.955.000,00 ден.**

**24.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и 202/24) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот по Програма за работа на канализација и прочистување на отпадни води за 2026 година

Се објавува Заклучок по Програма за работа на канализација и прочистување на отпадни води за 2026 година, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 12.12.2025 година.

Бр.09-2835/24 — Градоначалник
15.12.2025 година — Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на член 86 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“ бр.7/2010, 13/2013, 08/2015, 11/2015 и 10/2021) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 12.12.2025 година, откако ја разгледа Програмата за работа на канализација и пречистување на отпадни води за 2026 година на ЈКП „Пролетер“ Ресен, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

1. Се усвојува Програма за работа на канализација и пречистување на отпадни води за 2026 година на ЈКП „Пролетер“ Ресен, заведена под арх.бр.01-495 од 26.11.2025 година.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-2768/28 — Претседател
12.12.2025 година — Коста Замановски с.р
Ресен

# ЈКП „Пролетер“- РЕСЕН

Ул. Обиколна бр. 22, Тел: 047 451-643, фах: 455-461

Јавно Комунално Претпријатие
ПРОЛЕТЕР ЦО
бр. 01-495
26.11. 2025 год.
РЕСЕН

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН

| Примено: | 02.12.2025 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 08 | 2767/2 | | |

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА КАНАЛИЗАЦИЈА И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ ЗА 2026 ГОДИНА




Ресен 2025 год.

Јавно Комунално Претпријатие
ПРОЛЕТЕР
Ресен
ЦО

# Канализација

На територијата на Општина Ресен се наоѓа канализациона мрежа и Пречистителна Станица Езерени која служи за пречистување на отпадни води и чие одржување претставува задача на Јавното Комунално Претпријатие Пролетер од Ресен

Со канализационата мрежа која се наоѓа на подрачјето на Општина Ресен опфатени се 2/3 од населенито и тоа од градот Ресен и од селата Јанковец, Царев Двор, Езерени, Горна Бела Црква и Долна Бела Црква. Постоечката канализациона мрежа се состои од фекална канализациона мрежа и атмосферска канализациона мрежа. Вкупната должина на канализационата мрежа изнесува 45 километри од кои должината на атмосферската канализациона мрежа изнесува 7 километри. Исто така во селото Долно Перово изградена е канализациона мрежа и пречистителна станица но тие се уште не се ставени во функција

Фекалните отпадни води од општината Ресен се спроведуваат до Пречистителната Станица Езерени преку фекалната канализациона мрежа. Во Пречистителната Станица Езерени се врши нивно пречистување и после пречистувањето тие се испуштаат во крајниот реципиент Езеренско Блато. Во состав на фекалната канализациона мрежа се наоѓаат и три препумпни станици во селата Царев Двор, Езерени и Долна Бела Црква кои вршат препумпување на фекалните води од овие села. Фекалните отпадни води од општината Ресен сепак во најголем дел се спроведуваат гравитационо.

Во текот на 2026 година ЈКП Пролетер ќе преземе разни неопходни мерки со ки ќе се осигура непречено и ефикасно работење на канализационата мрежа. Во најголем број случаи спаѓаат следните активности

1. Чистење на затната канализација. Интервенциите за чистење на затната канализација според досегашното искуство се најчести интервенции кои се преземаат во текот на  година и со кои се осигурува непречено функционирање на канализационата мрежа. Интервенциите за чистење на канализацијата во најголем број случаи ќе се вршат со помош на специјално возило канал џет, а во одредени случаи по потреба ќе се врши и рачно.
2. Поправка на помали оштетувања на канализационата мрежа. ЈКП Пролетер ќе изврши санација на помали оштетувања како што се  замена на скршени канализациони цевки, замена на капаци за шахти и др.
3. Вршење редовна инспекција и превентивно чистење на сливниците од атмосферската канализација. Во текот на годината ќе се врши рачно чистење на сливниците од песок и други материи кои се таложат во нив и ги  затнуваат што доведува до задржување на вода на сообраќајните површини после врнежи.
4. Ќе се врши редовен надзор и одржување на пумпите во препумпните станици вклучувајки нивно редовно чистење и сервисирање.

Најголем дел од активностите поврзани со одржување на канализационата мрежа ќе бидат извршувани од страна на вработените во одделението за канализација на Јавното Комунално Претпријатие Пролетер од Ресен.

Во состав на ова одделение има двајца вработени што е зголемување во однос на минатата година кога во поголемиот дел од годината беше само еден вработен. Сепак и во 2026 година ќе биде потребно да се ангажираат возачи од другите оделенија на претпријатието заради употребата на специјалното возило за чистење на канализација.

И покрај тоа што најголемиот дел од активностите поврзани со одржувањето на канализационата мрежа ќе се извршуваат од страна на вработените на ЈКП Пролетер сепак за некои активности ќе биде потребно ангажирање на надорешни лица. Ова пред се се однесува на сервисирање на опремата како што се пумпите кои исто како и во изминатите годни ќе бидат извршувани од надворешни лица.

Предвидени трошоци за одржување на канализационата мрежа за 2026 година се следните:

| **Потреби за 2026 година** | **Предвидени трошоци (ден.)** |
|---|---|
| Материјали и резервни делови | 220.000 |
| Гориво за специјално возило | 65.000 |
| ХТЗ опрема за вработени | 18.000 |
| Ново возило за интервенции | 5.000.000 |
| Сервис на пумпи и електромотори | 150.000 |
| Плати за вработени и други надоместоци | 1.100.000 |
| **Вкупно расходи** | **6.553.000** |
| **Приходи за 2026** | **Предвидени приходи (ден.)** |
| Канализација - граѓани | 2.200.000 |
| Канализација - претпријатија | 850.000 |
| **Вкупно приходи** | **3.050..000** |
| | |
| **Разлика** | **- 3.503.000** |

# Пречистување на отпадни води

Во составот на ЈКП Пролетер Ресен се наоѓа и Пречистителната Станица Езерени во која се врши пречистување на отпадните води од градот Ресен и селата Царев Двор, Јанковец, Долна Бела Црква, Горна Бела Црква, и Козјак. Спроведувањто на отпадните води до станицата се врши преку канализациона мрежа која исто така е под надлежност на ЈКП Пролетер од Ресен. После пречистувањето, пречистената отпадна вода се испушта во реципиентот Езеренско Блато, а вишокот мил се одлага во сушни полиња

Местоположбата на Пречистителната станица Езерени е на еден километар од селото Езерени и се наоѓа јужно од градот Ресен. Проектираниот капацитет на станицата е 12.000 еквивалент жители, а во текот на 2026 година се очекува вистинското оптоварување да биде помало, односно околу 9.000 еквивалент жители.

Во Пречистителна Станица Езерени се врши механичко и биолошко третирање на отпадната вода. Пречистувањето на отпадните води во станицата пред нивно испуштање во Езеренско Блато се врши согласно важечките законски прописи и со почитување на граничите вредности на емисија. Во текот на 2026 година како и во претходните години и како што е во согласност со важечките законски прописи ќе се изврши испитување на квалитетот на водата која се испушта од страна на акредитирана лабораторија.

Во текот на 2026 година ќе се преземат низа неопходни и редовни активности кои ќе бидат превземени со цел на обезбедување на понатамошно успешно работење на ПСОВ и исполнување на постоечките законските барања за квалитетот на пречистената вода.

Во редовни активностите кои ќе се превземат во текот на 2026 година се следните:

1. Редовно одржување на машините и опремата. Под ова се подразбира навремено подмачкување на машинските делови, замена на масло и антифриз, замена на истрошени каиши на компресори и следење на нивната работа. Исто така и сервис на машини и опрема кои ќе се вон функција и кои по потреба ќе се вршат од надворешни лица.

2. Следење на квалитетот на работата на станица преку испитување на квалитетот на испусната вода во акредитирана лабораторија.

3. Одржување на кругот на пречистителната станица. Во ова спаѓа косење на тревата, изнесување на отпад и редовно чистење во кругот на објектот.

Работата поврзана со работата на Пречистителната Станица Езерени ја вршат во најголем дел вработените во станицата. Вработените го имаат потребното искуство и стручност за да се осигура успешна и непречена работа на станицата.

Исклучок претставуваат работи како испитување на квалитетот на водата кое ќе се врши во акредитирани лаборатории надвор од ЈКП Пролетер, и сервис на пумпи и специфична опрема која исто така ќе биде извршувана од надворешни лица.

Во Пречистителната Станица Езерени се вработени 4 лица што е зголемување на бројот споредено со минатата година но сепак недоволно за непречено работење на објектот со што се налага потребата за зголемување на нивниот број како и соодветна обука на нововработените.

Во текот на 2026 година за работење на Пречистителна Станица Езерени се предвидени следните трошици. При тоа треба да се напомене дека некои од нив се пренесени од минатата година бидејќи предвидените активности од разни причини, воглавно финансиски не се реализираа.

| **Потреби за 2026 година** | **Предвидени трошоци(ден.)** |
|---|---|
| Набавка на нова сонда за кислород | 100.000 |
| Сервисирање на пумпи и ел. мотори | 150.000 |
| Сервис на PLC | 150.000 |
| Плата за вработени други надоместоци | 4.100.000 |
| ХТЗ опрема за вработени | 35.000 |
| Поправка на покрив на главен објект | 20.000 |
| Набавка на нови компресори | 3.000.000 |
| Набавка на нови пумпи | 550.000 |
| **Вкупно расходи** | **8.055.000** |
| **Приходи за 2026** | **Предвидени приходи (ден.)** |
| Колектор - граѓани | 6.400.000 |
| Колектор - претпријатија | 800.000 |
| **Вкупно приходи** | **7.200.000** |
| | |
| **Разлика** | **- 855.000** |

## 25.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и 202/24) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот по Програма за работа на РЕ Водовод во текот на 2026 година

Се објавува Заклучок по Програма за работа на РЕ Водовод во текот на 2026 година, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 12.12.2025 година.

Бр.09-2835/25 Градоначалник
15.12.2025 година Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на член 86 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“ бр.7/2010, 13/2013, 08/2015, 11/2015 и 10/2021) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 12.12.2025 година, откако ја разгледа Програмата за работа на РЕ Водовод во текот на 2026 година на ЈКП „Пролетер“ Ресен, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

1. Се усвојува Програмата за работа на РЕ Водовод во текот на 2026 година на ЈКП „Пролетер“ Ресен, заведена под арх.бр.01-494 од 26.11.2025 година.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-2768/29 Претседател
12.12.2025 година Коста Замановски с.р
Р е с е н

# ЈКП „ПРОЛЕТЕР“ - РЕСЕН

Тел: 047/451-643; фах:047/455-461; ж-ка: 200000001089496;

д-нт: Стопанска банка АД Скопје; e-mail: jkpresen@gmail.com



Јавно Комунално Претпријатие ПРОЛЕТЕР ЦО
бр. 01-494
26.11.2025 год.
РЕСЕН

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
Примено: 04.12.2025

| Организациска единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 08 | 2767/11 | | |


# Програма

## за работа на РЕ Водовод во текот на 2026 год.





Јавно Комунално Претпријатие ПРОЛЕТЕР Ресен ЦО


Ресен, 2025 година

Развојот на урбанизацијата,индустријата и технологијата,како и повисокиот животен стандард континуирано ги зголемува потребите од вода со добар квалитет. Во исто време се наметнува и проблемот со одведување и прочистување на фекалните води од урбани средини.

Една од основните потреби на Ј.К.П Пролетер е водоснабдување на градот и околните села поврзани на регионалниот водовод Крушје- Ресен- Сирхан,исто така и туристичките населби с.Асамати и с.Претор со вилска населба.

Преку регионалниот водоводен систем претпријатието врши водоснабдување на градот Ресен и селата: Крушје, Избиште, Кривени, Јанковец, Г.Дупени, Царев Двор, Г.Б.Црква, Д.Б.Црква, Козјак, Езерени, Дрмени, Г.Перово, Д.Перово, Прељубје, Покрвеник, Волкодери, Шурленци и Сирхан.

Од водоводот се бара да ги обеззбеди потребните количини на вода со соодветен притисок и пропишан квалитет. Воедно да има доволен степен на сигурност и непрекинатост во водоснабдување на потрошувачите со вода.

Влез во системот од сопствено производство на вода е со вкупна количина од 1,835,300 м3/год.

Во 2025 година на корисниците поврзани на регионалниот водоводен систем Крушје- Ресен- Сирхан им е фактурирано 1.468.243 $m^3$ вода на граѓаните и 367.960 $m^3$ на стопанствата-индустријата. Водата е обезбедена од двата извори во С.Крушје- Голем извор, Мал извор и сегашните четири бунари/бушотини во С.Царев Двор.

Потребите на населението и индутријата може да се каже дека беа задоволени за прв пат после долги години, освен со мали исклучоци при санација на дефекти на главни водоводни линии и приклучоци. Од измерените количини на издашноста на изворите може да се види дека таа варираше и тоа од 70-90 л./сек. Од 17ти Јуни во водоводниот систем беше пуштена Пумпната Станица С.Царев Двор повремено од 06:00 до 24:00 а од 24ти Октомври и 24 часовна непрекината работа на четирите бунари и главната пумпа со околу 35 л./сек. , во Јуни па се до Август,Септември,Октомври со 20-25 л./сек. во зависност од потрошувачката и задоволителните потреби на водоводниот систем.

Во историјата на Градот Ресен и Преспа 2025 година е една од најсушните години од како постои податок. Но покрај сите овие лоши временски услови за недостаток на вода на глобално ниво, сите корисници на водоводни услуги беа опслужени со вода без рестрикции во Градот Ресен и Селата. Освен с.Претор-Вилска населба,с.Кривени ,с.Асамати во месец Јули и Август беа со рестрикција на снабдување со вода, во траење од 20 дена,поради недостаток на вода од главните извори во с.Курбиново и с.Крушје на кој издашноста беше на незабележан минимум од 28 л/с. Исто така тоа е последица на нерационално користење на водата од страна на потрошувачите.

**-Капацитет на вода и нови природни ресурси**

Каптажа на голем извор ,,Свети Спас,, се наоѓа на кота од 1000м надморска височина и е во непосредна близина на рибникот во с.Крушје

Околу овој извор постои оградување на првата заштитна зона само од две страни. Од страните со кои се граничи со постојниот рибник поради нерегулирани имотно правни односи сеуште не е извршено оградувањето. Овие односи можат да доведат до несакани промени во квалитетот на водата од тој извор.Покрај ова за потребите на рибникот од овој извор преку цела година се одлева од 10-20 л./сек. вода. Оваа година поради не користење на рибникот целосно се искористува и таа вода.

На одалеченост од 850м од големиот извор се наоѓа каптажата на малиот извор изведена во собирачка комора во која се спојуваат двата извори. На ова место е извршено оградување на првата заштитна зона и е обезбедено од четири лица кои работат 24 часа на одржување и пратење на системот.

Проблемот за обезбедување на заштитни зони се јавува околу бунарскиот систем во близина на с.Царев Двор. Како дефинирани изворишта на подземната вода тоа треба што е можно побрзо да се експроприира према елаборатот за заштини зони кој е изарботен од градежен институт.

Користењето на средства за заштита на насадите ѓубрењето на истите како и изведбата на бунари/бушотини за наводнување во непосредна

близна до бунарите за водоснабдување може во голема мера да го влоши квалитетот на бунарската вода па и да стане неисправна за користење.

**-Пумпни постројки- станици**

Пумпните постројки се користат за подигање на водата на потребна висина.Ваквите постројки се изведени до бунарите во с.Царев Двор, до собирната комора во с.Крушје за делови на високи коти во селото, с.Кривени до резерварот, с.Јанковец пумпна станица за препумпување на вода на повисоки коти од доводната линија, до резерварот во Ресен пумпна станица за препумпување на вода на делови од градот со повисоки коти од резерварот, населба Пролет,ул.Преспанска и ул.Славејко Арсов, с.Прељубје пумпна станица на 300м од селото за препумпување на вода на повисока кота од главната доводна линија, с.Сирхан пумпна станица за препумпување на вода на кота повисока од доводната линија за околу 170м.

Основна задача на пумпната постројка с.Царев Двор до бунарите е црпење на подземната вода и дистрибуција на истата до потрошувачите и до резерварот Ресен. Системот е направен да работи автоматски во зависност на нивото во помошниот резерварски простор а по потреба и рачно во кординација со останатите објекти преку телефонска линија.

Последна инвестиција е извршена во 2011 год. Замена на една тринаесет киловатна потопна пумпа поради дефект со нова пумпа. И на 12.09.2025 во бунар 2 е поствена нова 15кw потопна пумпа Pedrollo задари дефек на старата од истрајност.

Пумпната постројка во с.Крушје е изведена за подигање на водата од собирната комора до резерварот кој служи за водоснабдување на повисоките зони на селото Крушје. Во работа е една пумпа која не е сервисирана последните 5 години и не постои резервна. Истата оваа година е сервисирна во месец Мај.

Обезбедувањето на вода за Средношколскиот училишен центар и околу 50 индувидуални стамбени објекти во населба Пролет,ул.Преспанска,Ул.Славејко Арсов, се прави со помш на пумпно построение кое се наоѓа до резерварот во Ресен. Тука постои сет од три пумпи снабдени со фрекфентни регулатори ПЛЦ автоматика за

пофункионално и по економично работење. Пумпната станица последните 8 години е во дефект поради фрекфентните регулатори кои се изгорени и е во функција само една пумпа со еден фрекфентен регулатор од вкупно 3 пумпи.Оваа година еден од фрекфентните регулатори Danfoss aqua drive се сервисира и е ставен во функција.

Пумпна постројка за с.Кривени е со една хоризонтална пумпа за која не постои резервна и не е сервисирана во последните 2 години.

Пумпна постројка во с.Јанковец е со вертикална пумпа и во текот на 2025 година еднаш е сервисирана и е во постојана финкција,и за оваа постројка не постои резевна пумпа.

Пумпна постројка во с.Прељубје е поставена 2014 год.Последните 3 години беше вон функција. Во 2024 година пумпата е сервисирана и е преместена 150м на пониска кота и е во функција од 28.07.2024 год. И за оваа пумпна постројак нема резервна пума.Во 2025 година во 2 наврати е сервисирана, и е направен фундамент со кабина затворен простор против мрзнење и заштита.

Пумпна постројка с.Сирхан е поставена во 2014 година и е во функција, во 2022 год. е сервисирана но и за неа нема резервна пумпа.Во Септември 2025 истата е сревисирана.

Во 2024 година редовно се врши контрола на работата и исправноста на црпните пумпи, проверка на работната температура, редовно подмачкување на ложиштата , замена на истрошените лојни јажиња. Во исто време се врши и пратење на работниот притисок и потрошувачката на ел.енергија и други параметри.

Се водеше сметка за останатата опрема и арматурите во објектите. Направени се редовни варосувања во објектите и темелно чистење на дворот и вегетацијата посе 8 год. и други активности во функција на одржување на хигиено-техничка исправност на истите.

**-Објекти за прочистување на водата**

Поради добрите физичко-хемиски и бактериолошки особини на водата од изворите и бунарите единствено се врши дезинфекција на истата со течен 12% раствор на хлор-натриум хиперхлорид.

За дезинфекција минатата година се потрошени 12.000 л. Од истиот, потрошувачката на хлор зависи од издашноста на изворите.

Во иситите објкети се одржува беспрекорна хигиена. Извршено е редовно промивање на резерварите каде се врши дезинфекција на водата. Се водеше сметка за исправноста на priборот за хлорирање,за навремено обезбедување на хлор,контрола на дозирањето и потрошувачката на хлор и секојдневно мерење.

За квалитетот на испорачаната вода редовно е ангажиран референт за санитарна исправност која секојдневно на десетина места од мрежата го контролира присуството на хлор во водата.

По службена должност Заводот за здравствена заштита од Битола го испитуваше квалитетот на водата од системот. За таа цел на секој десет дена од 4 пункта на мрежата земаат примерои од вода на кои прават физичко хемиски и бактериолошки анализи. Од тие анализи може да се види дека квалитетот на испорачаната вода беше на одлично ниво.

Како и секоја гоина така и минатата беше направена Голема физичко-хемиска и бактериолошка-радиолошка анализа на водата од бунарите и изворите од страна на Републичкиот завод на санитарна контрола, кои го потврдија и онака добриот квалитет на истата. На вработените на овие објекти два пати во текот на годината беа направени санитарни прегледи.

**-Довод до населените места**

Водата од изворите во село Крушје преку цевовод од ПВЦ цевки со ф-315мм. во должина од 11км се носи до Ресен. Линијата е доста лошо изведена и на 13 места трасата на цевоводот од с.Крушје до Ресен ја сече Голема река. Потпорните ѕидови на одредени места на трасата не се во добра состојба и не гарантираат целосна заштита на премините при што не одложно е потребна целосна реконструкција на тој дел од главниот водоводен систем.

На овој дел во 2025 година не се појавија 2 дефекти.

Цевоводот на дистрибутивната мрежа има вкупна должина од 62 км, главните доводни цевководи имаат вкупна должина од 53км или вкупно

115 км. Големината на главните доводни цевки е од ф-315мм, ф-280мм и ф-160мм ф-100мм ПВЦ и на дел од главната линија во с.Јанковец Азбест цемент.

**-Водоводна мрежа**

Должината на примарната или дистрибутивна мрежа изнесува околу 62км. Од нив 6,2км се изведени од азбестни цевки со пречник од ф60мм до ф160мм. Поправени се 4 дефекти. На останатата примарна мрежа изведена од ПВЦ цефки со профил ф-63мм до ф-160мм порравени се 12 дефекти. На секундарната мрежа или стамбените приклучоци извршена е интервенција и поправка на 355 дефекти и интервенци од кои дел се на поцинкованi цевки ,полиетиленски цевки,вентили во шахти и вентили на водомери. Извршена е поправка и промена на 130 водомери во Градот Ресен,селата и с.Претор и с.Асамати.

Извршено е приклучување на водоводната мрежа на 9 нови корисници. Во системот се заменти и монтирани нови 3 вентили на главни доводни линии и 3 нови воздушни вентили.

**-Резервари**

Постоечкиот резерварски простор изнесува 1.228 м3.

Од кои после 25 години е пуштен во употреба новиот резервар со капацитет од 700 $m^3$.

Стариот резевар кој е поеделен на два дела со две комори соа капацитет од 264 $m^3$ од кои до сега се користеше само едната комора а и се користи исклучиво за водоснабдување на Средношколцкиот училишен центар ,, Цар Самоил ,, и педесетина индивидуални стамбени објекти, а исто така и Здравствениот дом Ресен. Оваа госина е рекунструирана и другата комора со ист капацитет од 264 $m^3$ и е ставена во функција за потребите на градот Ресен.

Обезбедувањето на резерварот го извршуваат вработени кои истовремено се грижат за хигено техничката исправност на објектите и пумпната станица со уредите. За прв пат оваа година е поставен и бидео надзор во резерварите.

Само за потребите на село Крушје изведен е резервоар со капацитет од 18 $m^3$ во близинана собирната комора на двата извори.

Во водоводниот систем заради обезбедување на селото Кривени со вода е изграден нов резервар со капацитет од 30 $m^3$ кој ги задоволува потребите на тоа население.

Освен водоводниот систем Крушје-Ресен-Сирхан Ј.К.П Пролетер го одржува и водоводниот систем на селата Асамати,Претор и Вилска населба. Издашноста на изворите од кои се снабдуваат овие населени места во текот на минатата година беше добра, освен во летниот период кога изнесуваше од 8-10 л./сек. и која не ги задоволуваше во целост потребите на населението и туристите.

Овој водоводен систем во с.Претор располага со уште еден резерварски простор од 240 $m^3$ и истиот се користи за потребите на с.Асамати и с.Претор.

Исто така и резерварот во вилска населба с.Претор од 50 $m^3$ кој беше поставен во 2024 год се користеше и оваа година, со не хлорирана вода како за технички потреби, за истото беа известени корисниците од овај резервар на писмено преку флаери и социјалните медиуми.

За редовна контрола на хлорирањето,одржувањето на мрежата и резерварот преку цела година беше ангажирано едно лице, додека во летниот период две лица, а по потреба и повеќе луѓе од претпријатието.

На оваа водоводна мрежа беа откриени и навремено поправени 5 поголеми дефекти на доводната и примарна мрежа и 5 на секундарната.

**Капацитет на резервоарите**

| **Резервоар** | **Капацитет** | **Забелешка** |
|---|---|---|
| 1.Стар резервоар | 528$m^3$ | Во многу лоша состојба |
| 2.Нов резервоар | 700 $m^3$ | Во добра состојба |
| 3.Резервоар Крушје | 18 $m^3$ | Во добра состојба |
| 4.Резервоар Кривени | 30 $m^3$ | Во добра состојба |
| 5. Резервоар Претор | 280 $m^3$ | Во многу лоша состојба |

| | | |
|---|---|---|
| 6.Резервоар Царев Двор | 70 $m^3$ | Во лоша состојба |
| 7.Резервоар Сливница | 50 $m^3$ | Во добра состојба |

Минатата година за прв пат е поставен водомер на главниот испустен вентил за регулација на притисокот во водоводниот систем на ул. 29 ти Ноември. Така што од месец Април се мери вишокот на испуштена вода која е не приходована од водоводниот систем на Ј.К.П Пролетер. Од месец Април до Јуни кога има вишок па се до денес регистрирани се 94.450 $м^3$.

Во 2021 година преку проект за намалување на загубите со вода, Smart Water Save инсталиран е систем СКАДА кој овозможува 24 часовен мониторинг на водоводниод систем. На кој се инсталирани 18 мерни точки за мерење на притисок по целата траса на водоводниот систем. И 2 проточни мерачи од кои еден на главната доводна линија кај св.Никола с.Јанковец а другиот во пумпната станица с.Царев двор.

На Резерварите на Градски Водовод Ресен поставен е систем за автоматска регулација на полнење на резерварите и следење на нивото.

Во Пумпна станица Царев двор поставен е мерач на проток, мерач на ниво во резерварите и мерач на пристисок и полнењето на резерварот е автоматски.

Со овај систем се овозможи мониторинг на водоводната линија од 24 часа, со тоа што брзо се детектираат дефекти и навремено се отстрануваат а воедно и се намалија загубите на вода од системот.

**Финансиски план за одржување на РЕ Водовод**

**Планирани расходи**

| | |
|---|---|
| Расходи за суровина и репроматеријали | 5.000.000 ден |
| Електрична енргија за услуги | 3.400.000 ден |
| Плати за вработените РЕ Водовод | 16.434.270 ден |
| Трошоци за амортизација<br>- Одржување и поправка на 2 возила за водовод<br>- Одржување и поправка на 2 мини багер и 2 ровокопачи<br>- Одржување на пила за сечење асвалт<br>- Одржување на 2 пуми за дефекти хонда<br>- Одржување на 2 електрични пумпи инко<br>- Одржување и сервисирање на 6 пумпи за препумпување на вода<br>- Одржување на 4 пумпи за бунарски систем бушотини<br>- Одржување на градски чешми и фонтаната<br>- Одржување на електричниот систем и осветление во пумпните станици и градски резервари<br>- Одржување на СКАДА системот<br>- Опрема и алати за работа | 3.000.0000 |

**Планирани приходи**

| ПРИХОД | Денари |
|---|---|
| Вкупен наплатен износ од водоснабдување | 28.500.000 ден |
| Наплатен износ за водоснабдување од домакинства | 23.000.000 ден |
| Наплатен износ за водоснабдување од индустриски и | 5.500.000 ден |

| | |
|---|---|
| комерцијални корисници | |
| Наплатен износ од нови приклучоци | 80.000 ден |
| Наплатен износ од водоинсталатерски услуги | 270.000 ден |

**Планирани инвестиции во 2025 година**

| | |
|---|---|
| Планирани средства од сопствениот буџет на претпријатието | 3.000.000 ден |
| Набавка на ново или половно возило за потребите на РЕ Водовод | |
| С.Крушје Извори и Каптажа<br>-Реконструкција на кровот на објектите<br>-Промена на стари вентили ф315 и поставување на нови со проектирање на нови шахти<br>-Промена на вратите<br>-Целосоно оградување<br>-Видое надзор<br>-Изведба на гасно хлорирање<br>-Изведба на филтер станица | |
| Град Ресен<br>-Комплетно поврзување на новиот водовод<br>-Промена на вентили за индустриска зона<br>-Промена на главни доводни вентили ф100,ф160,ф250<br>-Поставување на автоматика за запирање на вода на дел од улици<br>-Набавка на подземни и надземни хидранти | |
| Резервари Градски Водовод Ресен:<br>- Поврзвање на новиот резервар со пумпната станица<br>- Поставување на сонди за мерење на нивото на резерварот и вентил за автомацко полнење<br>- Поставување на нова потопна пумпа во резерварот и монтажа на ормар со автоматика и фрекфентен | |

| |
|---|
| регулатор<br>-Набавка на индустриски агрегат<br>-Видео надзор за објектите |
| Набавка на Нови Хлоратори и компаратори за с.Крушје,Пумпна Станица Царев Двор,с.Асамати и Нов Резервар с.Сливница |
| Пумпна Станица Царев Двор<br>-Набавка на нов Фрекфентен Регулатор и ПЛЦ за пумпна станица Царев Двор<br>- Реставрација на постоечкиот резервар во Пумпна Станица Царев Двор<br>- Изработкана елаборат и нова бушотина за Пумпна Станица Царев Двор<br>-Набавка на индустриски агрегат<br>-Набавка на една потопна пумпа за еден од трите бунари/бушотини<br>-Видео надзор за објектите |
| с.Сливница Резервар с.Претор вилска населба<br>-Целосно оградување на резерварот<br>-Поврзување на ел.енергија<br>-Видео надзор |
| Набавка на нова пумпа за с.Пељубје |
| Набавка на резервна пумпа за с.Јанковец |
| Набавка на инструменти за детекција и протекување на вода |
| Набавка на нови проточни мерачи за вода,мерачи за натриум хиперхлорид , автоматски вентили за регулација на притисокот и мерни точки за притисок |
| Изработка на елаборати за решавање на имотно правна сопственост за постоечките објекти на Ј.К.П Пролеер |
| Знаци за обележување по опфат на изработен елаборат за заштитни зони |

Планираните инвестиции во РЕ Водовод за 2026 година е планирано да бидат извршени дел од сопствениот буџет на предпријатието дел со проекти од ЕУ за Преспа преку УНДП, Проект за заштита на Преспанското Езеро и др. Во целост не можеме да бидеме сигурни колку од овие предложени инвестиции ќе бидат реализирани. Бидејќи не знаеме како ќе се одвива приливот на наплатата во зависност од потрошувачите и корисниците на услуги. Доколку немаме можност за сите инвестиции ќе се инвестира на тие инвестиции кои се со приоритет и имаат значење за Градот Ресен и Селата, но доколку и тогаш не можеме да инвестираме од буџетот ќе се обратиме и писмено до Општина Ресен и Советот на Општина Ресен.

**26.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и 202/24) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Програмата за субвенционирање на ЈКП „Пролетер“ Ресен за 2026 година

Се објавува Програма за субвенционирање на ЈКП „Пролетер“ Ресен за 2026 година, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 12.12.2025 година.

Бр.09-2835/26
15.12.2025 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“, бр.5/02 и бр.202/24), а во врска со член 21, став 1 алинеа 5 од Законот за комунални дејности („Службен весник на Република Македонија“ број 95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16 , 64/18 и бр. 302/20) и член 16 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен’’, бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) на седницата одржана на ден 12.12.2025 година Советот на Општина Ресен, донесе:

**Програма**
**за субвенционирање на ЈКП „Пролетер“ Ресен за 2026 година**

Во Буџетот на Општина Ресен за 2026 година, предвидени се средства за субвенционирање на Годишните програми на Јавното комунално претпријатие „Пролетер“ - Ресен.

ЈКП „Пролетер“ за спроведување на своите редовни активности ги изготвува следните Програми:

1. Програма за одржување на комуналната хигиена во 2026 година на ЈКП Пролетер Ресен.
2. Програма за одржување на јавната чистота во град Ресен за 2026 година на ЈКП Пролетер Ресен.
3. Програма за работа на градските гробишта - Ресен за 2026 година на ЈКП Пролетер Ресен.
4. Програма за работа на канализација и прочистување на отпадни води за 2026 година.
5. Програма за работа на РЕ Водовод за 2026 година.

За успешно спроведување на програмските активности има недостиг на финансиски средства. Во тој недостиг на средства покрај за тековно-оперативно работење на претпријатието, се планира и набавка суровини и репроматеријали како и на капитална опрема.

Исто така поради зголемувањето на цената на електричната енергија во 2022 година, а по основ на потрошена електрична енергија ЈКП Пролетер акумулира долг кој со своето редовно работење, и покрај редовното сервисирање на тековниот расход за потрошена електрична енергија, сеуште не може да го исплати.

Согласно законот за Локална самоуправа, општината е надлежна за вршење на работи од Комунални дејности. За таа цел од страна на Општината е основано Јавното комунално претпријатие „Пролетер“, кое е задолжено за извршување на сите комунални дејности. За успешно спроведување на овие дејности, Општината во својот буџет за 2026 година, треба да предвиди финансиски средства со кои би се субвенционирале одредени активности на Претпријатието.

За субвенционирање на Годишните програми на Јавното комунално претпријатие „Пролетер“ - Ресен се планираат средства во Буџетот на Општина Ресен за 2026 година и тоа:

- Програма Е0 – општинска администрација
  Ставка 461 – субвенциии за јавни претпријатија
  Потставка 461130 – субвенции за јавни комунални претпријатија
  Износ 4.000.000 денари

- Програма Ј40 – јавна чистота
  Потставка 424320 – одржување на автопати, улици и патишта
  Износ 200.000 денари

- Програма Ј70 – одржување и користење на паркови и зеленило
  Потставка 494590 одржување на други зелени површини
  Износ 100.000 денари
  Потставка 426990 други оперативни расходи
  Износ 100.000 денари

За користење на планираните субвенции во Програмата за субвенционирање на Јавното комунално претпријатие основано од Општината, потребно е покрај Барањето за исплата да се достави потребна документација од која ќе се констатира обемот на извршените активности од Годишните програми (копии од фактури, ситуации, требовања, приемници и друго).

**<u>Вкупно предвиден буџет за 2026 година за финансирање на оваа Програма е 4.400.000 денари</u>**

Програмата ќе биде финансирана од Буџетот на Општина Ресен согласно расположливите средства во Буџетот на Општина Ресен за 2026 година.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-2768/30 — Претседател
12.12.2025 година — Коста Замановски с.р
Ресен

**27.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и 202/24) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Програма за унапредување на здравствената и социјална заштита во Општина Ресен за 2026 година

Се објавува Програма за унапредување на здравствената и социјална заштита во Општина Ресен за 2026 година, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 12.12.2025 година.

Бр.09-2835/27
15.12.2025 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 202/24), а во врска со член 23 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“, бр.7/2010 , 13/2013, 8/2015 , 11/2015 и 10/2021 ) а во врска со член 11 став 1 алинеа 7 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22 и 236/22 ,65/23 и 192/25) на седницата одржана на ден 12.12.2025 година Советот на Општина Ресен донесе:

**П Р О Г Р А М А**

**за унапредување на здравствената и социјална заштита во Општина Ресен за 2026 година**

Годишната Програма за унапредување на здравствената и социјална заштита во Општина Ресен за 2026 година се изработува во согласност со законската регулатива за социјална и здравствена заштита, Националната Програма за развој на социјалната заштита, Статутот на Општина Ресен и Законот за локалната самоуправа, како и Социјалниот план на Општински Совет за социјална заштита на Општина Ресен кој е особено важен од аспект на надлежностите на општината во полето на интерес во овие сфери на општествениот живот.

Основна цел на оваа Програма е развој на интегрален, транспарентен и одржлив и ефективен систем на социјална заштита кој ќе обезбеди достапни, ефикасни и квалитетни мерки и услуги креирани според потребите на корисниците кои

живеат на територијата на Општина Ресен. Помеѓу другото, оваа програма ја регулира и поблиската соработка помеѓу централната власт претставувана од Министерството за социјална политика, демографија и млади и центрите за социјална работа, со локалната власт, на полето на социјалната заштита, како и помеѓу здравствените институции, локалната власт и здруженијата на граѓани.

**Здравствена заштита на граѓаните**

Здравствената заштита ја сочинуваат мерките, активностите и постапките за зачувување и унапредување на здравјето и животната и работната средина, правата и обврските што се остваруваат во здравственото осигурување, како и мерките, активностите и постапките кои ги преземаат организациите од областа на здравството за зачувување и унапредување на здравјето на луѓето, спречување и сузбивање на заболувањата, повредите и другите нарушувања на здравјето, раното откривање на заболувањата и состојбите на здравјето, навремено и ефикасно лекување и рехабилитација со примена на стручно-медицински мерки, активности и постапки.

Надлежностите на државните управи, општините, здравствените установи и другите физички и правни лица во полето на здравствената заштита се дефинирани со Законот за здравствена заштита.

Министерството за здравство и општините ги реализираат своите надлежности преку планирање, организирање, постојано следење на состојбите, спроведување на мерки како и надзор и контрола над спроведените мерки.

Општината е надлежна за вршење на работи од областа на здравствената заштита во смисла на управување со мрежата на јавни здравствени организации и објекти од примарна здравствена заштита кои треба да вклучат застапеност на локалната самоуправа во сите одбори на сите здравствени организации во јавна сопственост; здравствено воспитување; унапредување на здравјето; превентивни активности; заштита за здравјето на работниците и заштита при работа; здравствен надзор над животната средина; надзор над заразни болести; помош на пациентите со специјални потреби (на пр. ментално здравје, злоупотреба на деца итн.) и други области.

Организирањето и следењето на општите мерки за спречување и сузбивање на заразни болести е надлежност на општините во соработка со Заводот за здравствена заштита и истото е предвидено со Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести во Општина Ресен.

Активностите предвидени во оваа Програма се дадени подолу во следниот табеларен приказ:

**Табеларен преглед на активности 2026 година**

| Ред.бр. | Активност | Период на реализација | Корисници | Планирани средства |
|---|---|---|---|---|

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Поддршка на социјално загрозените лица во реализација на здравствени услуги при транспорт и други здравствени услуги за кои што нема средства за партиципација | Континуирано во текот на целата година | лица со неповолна социо-економска положба, неосигурани лица по ниту еден основ за 2026 година. | 50.000 денари од Буџет на Општина Ресен |
| 2 | Превенција на населението од Заразни Болести | Континуирано во текот на целата година | Целокупното население во Општина Ресен | 50.000 денари од Буџет на Општина Ресен |
| **ВКУПНО :** | | | | **100.000 денари** |

**Социјална заштита на граѓаните**

Основен документ со кој е уредено остварувањето на социјалната заштита во Република Македонија е Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 104/2019 ,146/2019,275/19,302/120, 311/20,163/21, 294/21,99/22, 236/22 ,65/23 и 192/25), како и Социјалниот План на Општински совет на социјална заштита на Општина Ресен. Според законот, општината, градот Скопје и општините во градот Скопје организираат и обезбедуваат спроведување на социјалната заштита во согласност со овој закон, преку донесување сопствени Развојни програми за специфичните потреби на граѓаните од областа на социјалната заштита (за лица со телесна попреченост, децата без родители и родителска грижа, децата со посебни потреби, децата на улица, децата со воспитно социјални проблеми, децата со еднородителски семејства, лицата изложени на социјален ризик, лицата засегнати со злоупотреба на дроги и алкохол, старите лица без семејна грижа, преку вон институционални и институционални облици на социјална заштита, домување на лицата изложени на социјален ризик, подигање на свеста на населението за потребите од обезбедување на социјална заштита) и ги обезбедуваат обврските утврдени со овој закон и донесуваат општи акти од областа на социјалната заштита. Од аспект на надлежноста на единиците на локалната самоуправа во областа на социјалната заштита, од особена важност е Законот за Локална самоуправа каде во член 22 (став 7), општините помеѓу другото, се надлежни и за социјална заштита и заштита на деца . Покрај овие два закони, од значење за креирањето на локалните политики во сферата на социјалната заштита е и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа кој ги дефинира и поединечно ги разработува изворите на приходи и тоа како сопствените приходи на општините, така и оние што се обезбедуваат како трансфери од Буџетот на Републиката и буџетите на фондовите и можноста за финансирање преку задолжување. Исто така, во планирањето на социјалната заштита на локално ниво свое значење има и Законот за меѓуопштинска соработка, согласно кој општините можат да основаат заедничка јавна установа и од областа на социјалната и детската заштита.

Програмата го има предвид самиот процес на децентрализација неговата специфичност и сложеност и функциите кои постапно се пренесуваат од централно на локално ниво.

Програмата предвидува соработка со надлежниот Општински центар за социјална работа, односно со Министерството за социјална политика, демографија и млади, и сите други министерства со кои ќе биде потребно да се соработува, приватниот сектор и невладините организации.

Основна цел на оваа Програма е развој на интегрален, транспарентен и одржлив и ефективен систем на социјална заштита кој ќе обезбеди достапни, ефикасни и квалитетни мерки и услуги креирани според потребите на корисниците кои живеат на територијата на Општина Ресен. Помеѓу другото, оваа програма ја регулира и поблиската соработка помеѓу централната власт претставувана од Министерството за социјална политика, демографија и млади и центрите за социјална работа, со локалната власт, на полето на социјалната заштита.

Посебни цели на Програмата се следните:

- Унапредување на работата со корисниците во насока на зајакната партиципација, вклученост во планирање и донесување на одлуки, зајакнување и искористување на нивните потенцијали;
- Развој на здравствената и социјалната превенција како организирана, континуирана и координирана активност на територијата на Општина Ресен
- Продолжување на започнатите процеси на децентрализација, плурализација и деинституцилизација на социјалната заштита.

Социјалната заштита е систем на мерки, активности и политики за спречување и надминување на основите социјални ризици на кои е изложен граѓанинот во текот на животот, за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост и за јакнење на неговиот капацитет за сопствена заштита. Под социјален ризик се подразбира ризици по здравјето (болест, повреда и инвалидност), ризици на старост и стареење, ризици на еднородителско семејство, ризици од невработеност, губење на приход за издржување врз основа на работа и сл., ризици од сиромаштија и ризици од друг вид на социјална исклученост.

Носители на социјалната заштита се Република Македонија и општините, во рамките на нивните надлежности, а во согласност со Законот за социјална заштита.

Општината е надлежна за вршење на работи од областа на социјалната заштита во смисла на финансирање, инвестиции и сопственост на детски градинки и домови за стари, обезбедува остварување на социјалната заштита на лицата загрозена социјална и материјална состојба, лица со инвалидност, децата без родители и без родителска грижа, децата со пречки во менталниот и телесниот развој, децата на улица, децата со воспитно-социјални проблеми, децата од еднородителски семејства, лицата изложени на социјален ризик, лицата кои злоупотребуваат дроги, други психотропни супстанции, прекурзори и алкохол, лицата жртви на семејно насилство, лицата жртви на трговија со луѓе, старите лица без семејна грижа, преку вонинституционални и институционални облици на социјална заштита, домување и

подигање на свеста на населението за потребите од обезбедување на социјалната заштита итн.

Согласно Законот за социјална заштита Општината во согласност со материјалните можности, може да утврди и други права во областа на социјалната заштита, права во поголем обем од правата утврдени со Законот за социјална заштита и поповолни услови за нивно остварување, како и други облици на социјална заштита.

Имајќи го во предвид фактот дека социјалата е еден од трите основни столбови на одржлив развој, Општина Ресен ќе вложи максимални напори за поголем квалитет на живот на населението, а особено на оние лица кои се со загрозена материјална состојба. Со цел подобрување на социјалната состојба на овие лица ќе се воспостави редовна соработка со Центарот за социјална работа - Ресен, Агенцијата за вработување, невладиниот и бизнис секторот како и другите институции кои имаат надлежности во сферата на социјалната заштита.

За таа намена, Општина Ресен, како и изминатите години, ќе обезбеди финансиска и друга помош на лицата и семејства кои се нашле во положба на социјален ризик со загрозена социјална ситуација а тука спаѓаат следните категории на лица: лица со ниски прамања или примaтели на гарантирана минимална помош.

Овие лица треба да доставаат барање за доделување на финансиска помош заради нарушена здравствена состојба и потреба од лекување или оперативен зафат или други ризични ситуации кои ги нарушуваат нивните услови за живот.

Во оваа категорија ќе бидат земени во предвид и лицата кои се во загрозена состојба поради болест, болнички третмани и хируршки зафати и лекување, лица кои претрпеле елементарни непогоди и несреќи како и лица неспособни за работа.

Оваа активност ќе се спроведува континуирано во текот на целата година. За реализација на оваа активност потребни се 350.000 денари.

Средствата ќе се доделуваат на корисниците по претходно доставено барање за помош од нивна страна до Општината односно до Општинската Комисија за доделување на финансиска помош. Во прилог на барањето се доставува целокупна документација, утврдена согласно Правилникот за еднократна парична помош.

Во 2026 година, Општина Ресен ќе излезе и во пресрет на потребите на ученици и студенти кои се вклучени во образовниот процес во високото образование, а кои потекнуваат од материјално загрозени домаќинства. Исто така, Општина Ресен ќе излезе во пресрет на лицата со умерени и тешки пречки во интелектуалниот и телесниот развој и лица со други пречки во развојот кои се вклучени во образовниот процес,како и лицата кои ги користат услугите на дневниот центар и центарот за ОКР .

Од буџетот на општината ќе се издвојат средства за патни трошоци за оваа категорија на граѓани и тоа од место на живеење до местото на образование и во обратен правец како и помош за други основни потреби кои произлегуваат од процесот на образование.

Лицата кои се опфатени во образовниот процес, а имаат потреба од финансиска помош од Буџетот на Општина Ресен, за покривање на патните трошоци треба да достават:

-барање до општината,

-потврда од Агенција за вработување дека родителите не се вработени,

-потврда за последно исплатена плата со наведен износ на нето плата,
-потврда од Управа за јавни приходи дека не поседува имот,
-потврда од Центарот за социјална работа за корисници на гарантирана минимална помош,
-потврда од образовната институција дека е запишан редовен ученик/ студент, и
-документ за потврда на успехот постигнат во претходната учебна година.

Вкупниот износ на средства наменети за помош на горенаведените категории на лица за 2026 година изнесува 300.000 денари.

Во 2026 година, Општина Ресен ќе пристапи кон изградба на пристапни рампи каде што ќе има потреба. Овие рампи се наменети за лицата со инвалидност а ќе се изградат со цел нивни полесни пристап до јавни места и институции. Вкупниот износ на оваа активност изнесува 100.000 денари.

Активностите кои што ги воведе Општина Ресен во 2022, а ќе продолжати во 2026 година се: обезбедување на средства за деца кои се запишуваат во прво одделене во тековната учебна година на износ од 5000 денари. За оваа намена се предвидуваат вкупно 600 000 денари.

Во рамки на своите активности, Општина Ресен ќе обезбеди средства за првородени деца во семејството чии родители имаат постојано место на живеење во Општина Ресен. Во соработка со Клиниките за гинекологија и акушерство во соседните општини, како и објавата за доставување на пријави преку веб страната на Општина Ресен и преку огласна табла во Фондот за здравство и социјална заштита ќе биде направена евиденција за првородени деца во општината и вклучување во оваа акција.

Со оваа акција, Општина Ресен своето внимание го насочува кон најмладите и кон нивните родители со цел да им се излезе во пресрет на младите родители за обезбедување на основните потреби после добивање на новороденче. Оваа активност ќе се спроведува во текот на целата година, заклучно 31 Декември 2026 год.

За реализација на оваа активност предвидени се 350.000 денари кои ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Ресен за 2026 година. Со оваа активност се предвидува и прикладен подарок за првороденото дете во новата година жител на Општина Ресен.

Воведување или надградување на социјални сервиси во општината се воспостави во 2015 година со проектот Општествено корисна Работа кој континуирано се спроведува до денес. Со овој проект од година во година социјалните услуги се прошируваат и надоградуваат. Основната социјална услуга која се воспостави со овој проект - локални сервисни услуги за лицата со посебни потреби – лица со телесен инвалидитет и комбинирани пречки ќе продолжи и унапреди и во 2026 година. Општина Ресен проектот го спроведува во соработка со АВРМ . Се предвидува да се користат средства од страна на АВРМ во висина од 504.000 денари и сопствено кофинасирање од 1.008.000 денари**.**

Редовна активност предвидена со оваа програма се обезбедување на Божиќни хуманитарни пакети и пакетчиња за деца за семејства со низок социјален статус за Нова година. Општината ќе обезбеди пакетчиња за деца. Средствата потребни за оваа активност би биле во висина од 100.000 денари од Буџетот на Општина Ресен.

Општина Ресен материјално, логистички и технички ќе ги помага Здруженијата на Граѓани кои делуваат на територија на Општина Ресен кои како домен на нивната активност е овозможување ,воспоставување или спроведување на социјални сервиси кон засегнати граѓани , или оние здруженија на граѓани кои преку своите активности го подобруваат или унапредуваат стаусот на лицата изложени на социјален ризик . Средства предвидени во Буџетот за 2026 година по овој основ се предвидуваат 150.000 денари , а здруженијата истите ќе можат да ги користат со доставување на своја годишна Програма до Општина Ресен и конкретно барање за реализација на некоја активност содржана во Програмата за унапредување на здравствената и социјална заштита во Општина Ресен за 2026 година. Барањето ќе го разгледува посебна Комисија формирана од страна на општина Ресен.

Други активности од областа на социјалната заштита кои ќе бидат спроведени врз основа на оваа програма се оние кои не се предвидени со програмата а кои ќе произлезат како потреба во текот на 2026 година како на пример Дневен центар за постари лица во Општина Ресен, кое може да биде место за социјализација и забавна рекреација на повозрасното население на територија на Општина Ресен.

**Финансиска помош за лицата жртви на семејно насилство**

За овие активности е предвиден износ од 60.000 денари, предвидени во Буџетот на општината.

Со оваа програма предвидено е да се помага на социјално загрозени семејства за дел од погребот на нивни членови од семејствата, наречен социјален погреб ,а се однесува за лица приматели на гарантирана минимална помош или низок социјален статус ,лицата кои се во загрозена состојба поради болест, болнички третмани и хируршки зафати и лекување, лица кои претрпеле елементарни непогоди и несреќи и лица неспособни за работа. За тоа е предвидено средства во износ од 60.000,00 ден. од Буџетот на Општина Ресен.

Како нови активности предвидени во оваа програма почнувајќи од 2024 година се : Еднократно доделување на школски прибор за учениците во основното образование од социјално загрозени семејства во вредност од 50.000 денари за тековната 2026 година.

Месечно доделување на помош за лица од социјално загрозени семејства за вон наставни спортски и едукативни активности и екскурзии ,предвидени се средства од 100.000 денари за тековната 2026 година .

И еднократна парична помош за згрижувачки семејства во вредност од 100.000 денари за тековната 2026 година.

**Воспоставување на Ресурсен центар за Социјална Поддршка на Општина Ресен**

Врз основа на стратешките документи на Општина Ресен, а пред сè согласно со Социјалниот план на Општина Ресен од 2023 година, во кој се дефинирани постојните и идните социјални услуги, како и детектираните ранливи категории на лица и групи на граѓани, се јавува потреба од започнување активности за воспоставување на нова локална структура – Ресурсен центар за социјална поддршка, кој ќе координира,

поддржува и унапредува постојните социјални услуги на територијата на Општина Ресен.

Социјалниот план ги нагласува приоритетите за унапредување на пристапот до услуги, развој на нови форми на поддршка и зајакнување на координацијата меѓу институциите и локалната заедница. Во таа насока, воспоставувањето на овој центар претставува логичен и неопходен чекор за подобрување на ефикасноста, достапноста и усогласеноста на социјалните сервиси на територијата на општината.

Овој Ресурсен центар ќе обезбеди систематизиран, структуриран и инклузивен пристап во поддршката за ранливите категории, во согласност со насоките и приоритетите утврдени во Социјалниот план од 2023 година.

Ресурсниот центар претставува нова локална структура која ќе ја воспостави и администрира Општина Ресен, со цел зајакнување на координацијата, пристапноста и ефективноста на социјалните услуги на локално ниво. Центарот ќе биде отворен и достапен за сите засегнати локални страни, вклучувајќи граѓани, институции, НВО, здруженија, образовни и здравствени установи и други субјекти што делуваат во областа на општествена поддршка.

Целта е подобрување на инклузијата, општествената кохезија и пристапот до услуги за различни ранливи категории на граѓани.

Стратешки цели кои би се постигнале со формирање на овој ресурсен центар се: подобрување на пристапот до услуги за ранливи категории, зајакнување на локалните механизми за социјална инклузија,поттикнување ефикасна меѓусекторска соработка, обезбедување централен и достапен извор на информации за сите социјални сервиси.,поддршка на развој на политики засновани на потреби и анализи и др.

Клучните задачи и функции на Центарот се фокусирани на координација на услуги и институции, информирање и поддршка на граѓаните, јакнење на НВО и локални иницијативи, развој на партнерства и улогата на посредник во локалната социјална мрежа. Во делот на координацијата на услуги и институции, Центарот се стреми кон поврзување на сите релевантни локални чинители како што се Центарот за социјална работа, општината, институциите и невладините организации, со следење и усогласување на активностите во социјалната сфера и развој на интегрирани услуги на локално ниво. Во рамки на информирањето, насочувањето и поддршката на граѓаните, Центарот обезбедува достапна информациска точка за сите социјални сервиси, насочување кон соодветни институции според индивидуалните потреби и поддршка за ориентација, информации и административни чекори.

Во однос на поддршката на НВО, локалните иницијативи и здруженијата, Центарот обезбедува простор и логистичка поддршка за спроведување на активности, јакнење на партнерства меѓу општината и НВО секторот и поттикнување иницијативи насочени кон ранливите категории како Роми, лица со попреченост, сиромашни семејства, жени, млади и други групи. Вмрежувањето и развојот на партнерства се реализира преку организирање работни групи, координациски состаноци и форуми, размена на информации и добри практики, како и креирање локален регистар на услуги и актери.

Улогата на Центарот како посредник, односно „линк“, се манифестира во тоа што тој функционира како активна точка за поврзување на институции со корисници, општина со НВО, сервиси со локалната заедница и ранливи групи со јавните услуги. Ова обезбедува побрз проток на информации, подобра насоченост и поефикасно искористување на постојните ресурси.

Администрација и управување

Ресурсниот центар ќе биде администриран од Општина Ресен, која ќе обезбеди човечки ресурси, односно кадар за координација и поддршка, простор и технички услови за функционирање, финансиска и административна поддршка, како и редовен мониторинг и известување за постигнатите резултати.

Очекувани резултати

Очекуваните резултати од функционирањето на Ресурсниот центар вклучуваат поусогласена координација на локалните сервиси, зголемена информираност и пристапност на услуги, поголем опфат на ранливи категории, засилена улога на НВО секторот и локалните актери, зголемена инклузија и општествена кохезија, како и поодржлив и ефикасен систем на социјална поддршка на локално ниво.

Фази на воспоставување на Ресурсниот центар

Подготвителна фаза
Во оваа фаза, основен акцент се става на обезбедување и опремување на простор за функционирање на центарот и неговата адаптација според принципите на инклузија и пристапност. Исто така, се носат протоколи за работа на центарот, се дефинираат внатрешни процедури и се обезбедуваат дополнителни просторни и технички услови во други делови на општината, каде што е потребно да се овозможи инклузивен пристап за сите корисници. Подготвителната фаза го поставува основниот оперативен и организациски скелет за центарот, обезбедувајќи ги сите услови за негово ефикасно функционирање.

Фаза на функционирање
Во оваа фаза, Ресурсниот центар започнува со својата редовна работа, нудејќи интегрирана поддршка на ранливите категории и координирајќи ги локалните сервиси. Центарот активно ги информира и насочува граѓаните кон соодветни услуги, поддржува и поттикнува локални иницијативи и здруженија, организира работни групи и форуми, обезбедува „линк“ меѓу институциите, НВО и корисниците, како и креирање и одржување на локален регистар на услуги. Оваа фаза го овозможува континуирано следење на резултатите, адаптација на услугите според потребите на корисниците и обезбедување на одржлив и ефективен систем на социјална поддршка на локално ниво.

**Воспоставување и одржување на инклузивни рекреативни зони, игралишта и паркови**

Во рамки на програмата се предвидува одржување и надградба на постоечките инклузивни детски паркови во детската градинка, како и на повеќе локации низ Општина Ресен, со цел да се обезбеди пристап до безбедни и инклузивни јавни простори за сите граѓани. Дополнително, се дефинира потребата од изградба на нови

инклузивни рекреативни зони, игралишта и паркови кои ќе овозможат инклузија и кохезија на различните ранливи категории граѓани.

Овие простори ќе бидат дизајнирани и уредени така што ќе обезбедуваат еднакви можности за учество на сите граѓани, со посебен акцент на деца, лица со попреченост, стари лица, сиромашни семејства, Роми и други маргинализирани групи. Инфраструктурата ќе биде прилагодена за лицата со телесна и интелектуална попреченост, вклучувајќи рампи, тактилни и визуелни елементи, безбедни површини за игра и рекреација, како и простори за социјализација и одмор.

Акцентот е ставен на промовирање на општествена кохезија преку активна инклузија, создавање можности за меѓусебно поврзување и градење на здрави навики. Овие јавни простори ќе бидат места каде различни генерации и категории граѓани ќе можат да учествуваат во спортски, рекреативни и културни активности, да се дружат и да ги развиваат своите вештини.

Во рамки на оваа активност ќе се предвидат и програми за организирани активности и настани, како што се рекреативни игри, спортски турнири, едукативни работилници и тематски настани за ранливите категории, со цел подигнување на свеста за важноста на инклузијата и зајакнување на меѓусебната солидарност.

Општина Ресен ќе воспостави систем за редовно одржување на овие простори, вклучувајќи редовна инспекција на безбедноста, поправки и адаптација на постојните елементи, како и континуирано следење на потребите на корисниците. Со оваа активност се обезбедува одржливост и функционалност на инклузивните јавни простори и нивно постојано усогласување со потребите на граѓаните, со особено внимание на ранливите категории.

Постапката ќе вклучува и проценка на потребата за нови локации, планирање на просторно решение, избор на опрема и материјали, социјална и естетска прилагоденост, како и консултации со граѓаните, НВО и експерти за инклузивен дизајн. Оваа активност директно придонесува кон подобрување на квалитетот на живот, создавање на безбедни и пријатни простори за социјализација, како и поттикнување на активен и здрав начин на живеење.

Со овој пристап, инклузивните рекреативни зони, игралишта и паркови ќе станат витален елемент на локалната социјална инфраструктура, каде инклузијата и кохезијата ќе бидат централни принципи, овозможувајќи општествена интеграција, зајакнување на заедничката одговорност и создавање услови за рамноправно учество на сите граѓани во јавниот живот на Општина Ресен

**Табеларен преглед на активности во 2026 година**

| **Р б.** | **Активност** | **Период на реализација** | **Корисници** | **Планирани средства** |
|---|---|---|---|---|

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Еднократна парична помош | Континуирано 2026 година | лица со ниски прамања;<br>приматели на гарантирана минимална помош;<br>лицата кои се во загрозена состојба поради болест, болнички третмани и хируршки зафати;<br>лица кои претрпеле елементарни непогоди и несреќи и<br>лица неспособни за работа. | 350.000 денари од Буџет на Општина Ресен |
| 2 | Патни трошоци за студенти и лицата со умерени и тешки пречки во интелектуалниот и телесниот развој вклучени во образовниот процес | Јануари – Јуни 2026 год<br><br>Септември –Декември 2026 година | студенти кои се вклучени во образовниот процес во високото образование а потекнуваат од социјално загрозени семејства.<br>лицата со умерени и тешки пречки во интелектуалниот и телесниот развој и лица со други пречки во развојот кои се вклучени во образовниот процес. | 300.000 денари од Буџет на Општина Ресен |
| 3 | Изградба на пристапни рампи | Септември 2026 | Лица со инвалидност | 100.000 денари од Буџет на Општина Ресен/ донации |
| 4 | Доделување на парична помош за првородени деца во семејство на родители со постојано место на живеење во Општина Ресен | Континуирано 2026 година | првородени деца во семејство чии родители имаат постојано место на живеење во Општина Ресен | 350.000 денари од Буџетот на Општина Ресен |
| 5 | Услуга за деца со попреченост во домашни услови и надвор од домот ,обезбедување ,услуга на краен корисник на дневна основа | 18 месеци од потпишување на договорот со АВРМ | 59 деца и лица со телесен инвалидитет ,<br><br>Ангажирани 3 невработени лица со стекнато искуство и | 504.000 денари од АВРМ за 6 месеци<br><br>1.008.000.000 денари кофинасирање од Буџет на Општина Ресен за 12 месеци |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | (или по потреба) ,придружба и одење на доктор , набавка и подготовка на храна,хигиена во домот и помош при истата,придружба на културни настани и други активности . | | вештини ,со стекнат сертификат | |
| 6. | Поддршка на Здруженијата на Граѓани кои делуваат на територија на Општина Ресен кои како домен на нивната активност е овозможување ,воспоставување или спроведување на социјални сервиси кон засегнати граѓани , или оние здруженија на граѓани кои преку своите активности го подобруваат или унапредуваат стаусот на лицата изложени на социјален ризик. | Континуирано преку целата година | Здруженија на Граѓани кои делуваат на територија на Општина Ресен | 150.000 денари од Буџет на Општина Ресен |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7. | Обезбедување на Божиќни хуманитарни пакети и пакетчиња за деца за семејства со низок социјален статус за Нова година | Јануари 2026 | Деца на семејства со низок социјален стаус | 100.000 денари од Буџет на Општина Ресен |
| 8. | Други активности | Континуирано 2026 година | Корисници на гарантирана минимална помош<br>Корисници на гарантирана минимална помош и жртви на семејно насислство | 60.000 денари од Буџет на Општина Ресен |
| 9 | Социјален погреб | Континуирано 2026 година | лица приматели гарантирана минимална помош низок социјален статус<br>лицата кои се во загрозена состојба поради болест, болнички третмани и хируршки зафати;<br>лица кои претрпеле елементарни непогоди и несреќи и<br>лица неспособни за работа. | 60.000 денари |
| 10 | Еднократна парична помош за деца кои се запишуваат во прво одделене во тековната учебна година | Континуирано 2026 година | Деца кои се запишуваат во прво одделение во учебната 2026/2027 година. | 600. 000 денари |
| 11 | Еднократно доделување на школски прибор за ученици во основно образование од социјално | Согласно податоци добиени од ЦСР и ОУ | Деца од социјално загрозени семејства | 50.000 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | загрозени семејства | | | |
| 12 | Месечно доделување на помош за лица од социјални загрозени семејства (за вон наставни активности ,спортски и едукативни активности и екскурзии ) . | Согласно подтоци добиени од ОУ и СОУ | Лица/деца од социјално загрозени семејства | 100.000 |
| 13 | Еднократна парична помош за згрижувачки семејства | Континуирано 2026 година | Згрижувачки семејстав во Општина Ресен | 100.000 |
| 14 | Воспоставување на Ресурсен центар за Социјална Поддршка на Општина Ресен | Континуирано 2026 година | Ранливи категории на граѓани,НВО ,локални институции | 2.000.000 |
| 15 | Воспоставување и одржување на инклузивни рекреативни зони, игралишта и паркови | Континуирано 2026 година | Ранливи категории на граѓани,НВО ,локални институции | 1.000.000 |
| 16 | Еднократна парична помош во износ од 10.000,оо денари за секој ученик запишан во прва година во Средното општинско училиште “Цар Самоил„ Ресен | Септември 2026 година | Деца кои се запишуваат во прва година во СОУ Цар Самоил во учебната 2026/27 година | 1.350.000,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | во учебната 2026/27 година | | | |
| **ВКУПНО** | | | | **8.182.000,00** |

**Табеларен преглед на финасирање на Програмата за унапредување на здравствената и социјална заштита во Општина Ресен за 2026 година.**

| | Програмата за унапредување на здравствената и социјална заштита во Општина Ресен за 2026 година | Буџет на Општина Ресен | МСПДМ или Министерство за Здравство | Други извори на финасирање | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Здравствена заштита на граѓаните | 100.000,00 | / | / | 100.000,00 |
| 2. | Социјална заштита на граѓаните | 7.678.000,00 | / | 504.000 | 8.182.000,00 |
| | **Вкупно** | | **/** | | 8.282.000,00 |

Програмата ќе биде финансирана од Буџетот на Општина Ресен во рамките на планираните средства за оваа Програма во Буџетот на Општина Ресен за 2026 година.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-2768/31
12.12.2025 година
Р е с е н

Претседател
Коста Замановски с.р

**28.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и 202/24) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства за учество на Општина Ресен во реализација на проектот – „Воспоставување на Ресурсен центар за социјална поддршка на Општина Ресен“

Се објавува Одлука за одобрување на финансиски средства за учество на Општина Ресен во реализација на проектот – „Воспоставување на Ресурсен центар за социјална поддршка на Општина Ресен“, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 12.12.2025 година.

Бр.09-2835/28
15.12.2025 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 22 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02 и 202/24), член 23 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен" бр.7/2010, 13/2013, 08/2015, 11/2015 и 10/2021), Советот на седница одржана на ден 12.12.2025 година, донесе

О Д Л У К А
за одобрување на финансиски средства за учество на Општина Ресен во реализација на проектот - „Воспоставување на Ресурсен центар за социјална поддршка на Општина Ресен“

Член 1

Општина Ресен ќе учествува во реализација на проектот “Воспоставување на Ресурсен центар за социјална поддршка на Општина Ресен“ со финансиско учество во износ од 3.000.000,00 МКД. ( три милиони денари).

Член 2

Средствата од член 1 на оваа одлука од Буџетот на Општина Ресен за 2026 година ќе се уплатат на посебна сметка на Програмата за развој на Обединетите нации (во понатамошен текс: УНДП) помошен орган на Обединетите нации, меѓународна организација основана со меѓународен договор, претставена од неговиот постојан претставник со канцеларии при УНДП Скопје за реализација на проектот “Воспоставување на Ресурсен центар за социјална поддршка на Општина Ресен “ во Општина Ресен.

Член 3

Се овластува Градоначалникот на општина Ресен да го потпиши Договорот за регулирање на правата и обврските со УНДП Скопје за реализација на проектот “Воспоставување на Ресурсен центар за социјална поддршка на Општина Ресен“

Член 4

Оваа одлука стапува во сила со денот на објавување во „Службен Гласник на Општина Ресен.“

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-2768/32
12.12.2025 година
Р е с е н

Претседател
Коста Замановски с.р

**29.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и 202/24) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за определување на висисната на стапките на данок на имот

Се објавува Одлука за определување на висисната на стапките на данок на имот, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 12.12.2025 година.

Бр.09-2835/29
15.12.2025 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) член 23 став 1 точка 47 од Статутот на Општина Ресен („Службен Гласник на Општина Ресен“ бр.7/2010, 13/2013, 08/2015, 11/2015 и 21/2010), член 4 став 1 точка 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25), член 6 став 6 од Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија” бр. 61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15 и 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на ден 12.12.2025 година, донесе

О Д Л У К А

за утврдување на висината на стапката на данокот на имот

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува висината на стапката на данокот на имот што се плаќа за недвижен имот, освен оној имот кој е ослободен од плаќање данок според Закононот за даноците на имот.

Член 2

Висината на стапката на данокот на имот што ја плаќа даночниот обврзник за недвижниот имот е пропорционална и се утврдува на 0,15 % од даночната основа.

Член 3

Со донесување на оваа Одлука престанува да важи одлуката за определување на висината на стапките на данокот на имот бр.07-497/11 од 21.07.2005 година.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен Гласник на Општина Ресен“, а ќе се применува од 01.01.2026 година.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-2768/33
12.12.2025 година
Р е с е н

Претседател
Коста Замановски с.р

**30.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и 202/24) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за редовно ажурирање на „Процената на загрозеноста на подрачјето на Општина Ресен од сите ризици и опасности“

Се објавува Одлука за редовно ажурирање на „Процената на загрозеноста на подрачјето на Општина Ресен од сите ризици и опасности“, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 12.12.2025 година.

Бр.09-2835/30
15.12.2025 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02 и 202/24), член 23 став 1 точка 47 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен" бр.7/2010, 13/2013, 08/2015, 11/2015 и 10/2021) и член 14 ст.1 од Уредбата за Методологијата за изработка на процената на загрозеноста на безбедноста на Република Северна Македонија од сите ризици и опасности, нејзината содржина и структура, начинот на чување и ажурирање, како и определување на субјектите во системот за управување со кризи на кои им се доставува целосна или извод од процената („Службен весник на РМ“ бр.128/2023), Советот на седница одржана на ден 12.12.2025 година, донесе

О Д Л У К А
за редовно ажурирање на „Процената на загрозеноста на подрачјето на Општина Ресен од сите ризици и опасности“

Член 1

Предмет на оваа одлука е редовно ажурирање на „Процената на загрозеноста на подрачјето на Општина Ресен од сите ризици и опасности’’.

Член 2

Активностите околу редовното ажурирање на „Процената на загрозеноста на подрачјето на Општина Ресен, од сите ризици и опасности“, започнуваат најдоцна три месеци од конституирањето на Советот на Општината, а обврска да изврши ажурирање има Регионалниот центар за управување со кризи - Ресен.

Член 3

Оваа одлука стапува во сила со денот на објавување во „Службен Гласник на Општина Ресен“.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-2768/34
12.12.2025 година
Р е с е н

Претседател
Коста Замановски с.р

**31.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и 202/24) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за продолжување на работното време на угостителски објекти на подрачјето на Општина Ресен за време на одржување на манифестации во 2026 година

Се објавува Одлука за продолжување на работното време на угостителски објекти на подрачјето на Општина Ресен за време на одржување на манифестации во 2026 година, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 12.12.2025 година.

Бр.09-2835/31
15.12.2025 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 23 став 3 од Законот за угостителска дејност („Службен весник на Република Македонија” бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20 и 16/25 ) член 36 ст. 1 т.15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и 202/24) и член 23 ст.1 т.8 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“ бр.7/2010,13/2013, 8/2015 11/2015 и 10/2021) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 12.12.2025 година, ја донесе следната

О Д Л У К А

за продолжување на работното време на угостителски објекти на подрачјето на Општина Ресен за време на одржување на манифестации во 2026 година

**Член 1**

Со оваа Одлука се **продолжува работното време** во угостителските објекти за и без храна, без оглед на видот на угостителските услуги, на подрачјето на Општина Ресен за **два часа наредниот ден** за деновите:

- 06 и 07.01. 2026 година - (Божик)
- 14.01.2026 година - (Стара Нова година)
- 17 и 18.01.2026 година - Богојавление (Водици)
- 07 и 08. 03.2026 година - ( Меѓународен ден на жената)
- 19,20 и 21.03.2026 година - ( Рамазан Бајрам)
- 09, 10 и 11.04.2026 година – (Велигден)
- 24 и 25.05.2026 година – (Свети Кирил и Методиј)
- 01 и 02.05.2026 година - (Ден на трудот)
- 15.05.2026 - (Матурска вечер)
- 27, 28 и 29.05.2026 година - (Курбан Бајрам)
- 05, 06 и 07.07.2026 година – (Иванден и Актерот на Европа)
- 02,03 и 04.07.2026 година - (Мотособир)
- 31.07.2026, 01 и 02.08 2026 – (Илинден) – (Ден на Републиката)
- 27, 28 и 29.08 2026 – ( Успение на Пресвета Богородица)
- 06,07 и 08.09.2026 година - (Ден на независноста)
- 21.09.2026 година. - (Мала Богородица)
- 24,25 и 26,09.2026 - (Преспански Јаболкобер 2026)
- 09, 10 и 11.10.2026 година - (Ден на народното востание)
- 23 и 24.10.2026 година - (Ден на македонската револуционерна борба)
- 07 и 08.12. 2026 година - (Св. Климент Охридски)

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Ресен“.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-2768/35
12.12.2025 година
Р е с е н

Претседател
Коста Замановски с.р

## 32.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и 202/24) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за усвојување на Локалната Стратегија за млади на Општина Ресен за 2025 - 2029 година

Се објавува Одлука за усвојување на Локалната Стратегија за млади на Општина Ресен за 2025 - 2029 година, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 12.12.2025 година.

Бр.09-2835/32
15.12.2025 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02 и 202/24), член 23 став 1 точка 47 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен" бр.7/2010, 13/2013, 08/2015, 11/2015 и 10/2021) а во врска со член 20 став 3 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Македонија“ бр.10/2020), Советот на Општина Ресен на седницата одржана на ден 12.12.2025 година, донесе

О Д Л У К А
за усвојување на Локалната Стратегија за млади
на Општина Ресен за 2025-2029 година

Член 1
Со оваа Одлука се усвојува Локалната Стратегија за млади на Општина Ресен за 2025-2029 година.

Член 2
Составен дел на оваа Одлука е и Локалната Стратегија за млади на Општина Ресен за 2025-2029 година.

Член 3
Оваа одлука стапува во сила со денот на објавување во „Службен Гласник на Општина Ресен.“

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-2768/36
12.12.2025 година
Р е с е н

Претседател
Коста Замановски с.р

# СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ НА ОПШТИНА РЕСЕН

2025-2029

# Содржина

**Вовед** ... 2
**Профил на општината** ... 4
**Методологија** ... 5
**Цел на стратегијата** ... 5
**Приоритетна област I: Младинско учество и младинско информирање** ... 6
**Приоритетна област II: Култура и спорт** ... 12
**Приоритетна област III: Претприемништво и поддршка при вработување** ... 15
**Останати области на делување** ... 21

## Вовед

Младите се креативниот моментум кој го движи општеството напред – двигатели и лидери во сите сфери од општественото живеење.

Одговорност на Општина Ресен е да обезбеди поддршка и ресурси кои ќе им овозможат на младите нивна активна вклученост во заедницата во која живеат. Во таа насока, навременото препознавање на светските трендови, како и на сопствените силни и слаби страни е клучно за претворање на предизвиците во можности за развој, но и зајакнување на отпорноста на младите и нивна поголема подготвеност да се соочат со потенцијалните пречки за остварување на нивните аспирации.

Локалната стратегија за млади на Општина Ресен се темели на потребите и интересите на младите, а во насока на унапредување на нивната положба во рамки на општествената средина.

Идентификуваните приоритетни области треба да придонесат младите луѓе во Општина Ресен да го развијат и да го искористат нивниот потенцијал, да стекнуваат животни вештини неопходни за одговор на предизвиците со кои се соочуваат и да создадат услови за изедначување на можностите на сите млади, особено млади луѓе во руралните средини, оние со помалку можности како што се младите со попреченост и младите луѓе во ризик од сиромаштија и социјална исклученост. Во период на симултани кризи, неопходно е младите луѓе да се опремат со знаења и вештини и да се поттикне нивната економска независност од нивните семејства, вклучително и преку поквалитетно прво вработување, стимулирање услови за развој на кариерата и поголема финансиска стабилност.

Приоритетите утврдени со Локалната стратегија за млади ќе се спроведуваат со цел натамошно унапредување на еднаквоста и еднаквите можности, притоа создавање стимулативна средина за развој на потенцијалот на младите и нивен подобар квалитет на живот.

Стратегијата за млади на Општина Ресен 2025-2029 е изработена во соработка со граѓанската организација „Про Локал“, а во рамки на проектот „Зајакнување на луѓето од Пелагонија 2“ поддржан од Амбасадата на Кралството на Холандија во Р.С.Македонија. При процесот на креирање на стратегијата, експертска поддршка обезбеди консултантската компанија „Стратешки Менаџмент Системи“.

Локалната стратегија за млади е 5-годишна визија за иднината на младите во Општина Ресен. Истата се базира на сеопфатно истражување кое имаше за цел да овозможи широк консултативен процес во кој младите го дадоа својот придонес преку анкетни прашалници, како и преку интервјуа и фокус-групни дискусии. Воедно, преку секундарно истражување беа консултирани релевантните стратешки и други документи за млади на локално и национално ниво. Беше организирана и работна група во рамки на која се утврдија конкретни приоритетни области, вклучително и предлог мерки и активности. Во рамки на стратешкото планирање беше изработен и Акциски план со буџет за две години, во кој се

дефинирани конкретни проекти и активности за достигнување на резултатите во секоја од зададените цели во Стратегијата.

Според Законот за младинско учество и младински политики, Локална стратегија за млади е стратешки документ со кој во согласност со Националната стратегија за млади, се утврдуваат среднорочни цели и приоритети за развој на младинските политики и унапредување на интересите на младите на локално ниво и се утврдуваат организациски, финансиски и административни мерки за нивно остварување.

Оваа стратегија ја прифаќа дефиницијата за „млади“ дадена во погоре споменатиот закон, според кој млади се лица на возраст од 15 до 29 години.

Стратегијата за млади на Општина Ресен се базира на следните темелни принципи:

**Партиципативност**

- Вклученост на сите заинтересирани млади во креирање и имплементација на стратегијата

**Инклузивност**

- Рамноправност и еднакви можности за сите млади да го остварат својот целосен потенцијал во сите области на општественото живеење

**Холистички пристап**

- Соработка со други државни организации/институции/тела, како и соработка со граѓанскиот сектор и други интересни групи кои работат со/за младите

**Одговорност**

- Локалната стратегија за млади ја носи и за нејзината имплементација одговорна е Општина Ресен. Стратегијата се спроведува со буџетските средства на општината. Општината е одговорна и за мониторинг и евалуација на стратегијата согласно дефинираните цели и индикатори.

## Профил на општината



Општината Ресен се наоѓа во Преспанската Котлина, во југозападниот дел на Република Северна Македонија и опфаќа површина од 739 км2. Поделена на копно со 562 км2 и вода со 177 км2, претставува посебна просторна целина.

Според последниот попис направен во 2021 година, Општина Ресен брои вкупно 14.373 население, односно 4906 домаќинства кои живеат во 8777 станови.

На пописот 10.130 од жителите во Општина Ресен се изјасниле како етнички Македонци, што е 70% од вкупното население. По 10% се етнички Албанци, односно етнички Турци, и 10% останати. Половата дистрибуција покажува подеднаква 50% застапеност на жителите од машки и женски пол.

Што се однесува до младите, во Општина Ресен живеат 2271 млади лица на возраст од 15-29 години, што претставува 16% од целокупното население во општината. Од нив 641 се на возраст од 15-19, 740 се на возраст од 20-24 години и 890 се млади на возраст од 25-29 години. Од вкупниот број млади лица (15-29), 1200 се лица од машки пол (53%), додека 1071 се лица од женски пол (47%).

Историски бројот на жители во Општина Ресен се движел 25.360 жители во 1981 година, 23.533 жители во 1991 година, 17.681 жители во 1994 година, 16.825 жители во 2002 година. Евидентен е трендот на иселување на жителите од Ресен во главниот град и во странство каде особено мигрираат младите.




Општината Ресен се граничи со општините Охрид, Битола и Демир Хисар. Во општина Ресен евидентирани се 44 топоними на места, од кои 43 се рурални, од нив 39 активни и 4 неактивни и една урбанизирана средина.

Општина Ресен има површина од 739 км2, поделена на копно со 562 км2 и вода со 177 км2 и претставува посебна просторна целина.

## Методологија

За потребите на овој стратешки документ, во период август-септември 2023 година се спроведе примарно истражување за младинските трендови во Општина Ресен.

Примарното истражување се спроведе преку метод на испитување, кој ги вклучи следните истражувачки техники:

- **Анкетирање -** Со цел испитување на мислењето на поголем број млади лица во Општина Ресен се спроведе онлајн прашалник преку алатката SurveyMonkey на македонски јазик. Прашалникот се состои од вкупно 36 прашања и истиот беше наменет за млади лица на возраст од 15-29 години од Општина Ресен. Прашалникот го пополнија вкупно 68 млади лица од општината од кои 38% од машки пол и 61% од женски пол.
- **Интерјву** – Со цел да се добие посеопфатна слика на за условите на младите, нивните потреби и предизвици низ призмата на локалната самоуправа се спроведе интервју со Службеникот за млади во Општина Ресен.
- **Фокус група** – преку фокус-групна дискусија 7 млади лица меѓу кои претставници на локални младински организации, студенти, средношколци и невработени млади лица ги презентираа локалните предизвици за младите во општината за кои понудија предлог решенија и дефинираа листа на приоритети.

Покрај примарното истражување, направено е и секундарно истражување, односно за целите на стратегијата консултирана е и релевантна литература, национална правна регулатива, оперативни планови и програми и слично.

## Цел на стратегијата

Целта на Стратегијата за млади на Општина Ресен е да се создадат услови за младите за нивно активно вклучување во животот во општината, поточно вклучување на младите во

процесите на носење на локални политики, придонесувајќи кон нивна поголема информираност и едуцираност.

<u>Стратешки цели:</u>

1. Младинско учество и информирање
2. Младинска работа
3. Претприемништво и поддршка при вработување

Во продолжение даден е подетален преглед на трите издиференцирани приоритетни области со дефинирана стратешка рамка за секоја област одделно.

Покрај наведените области, Општина Ресен ќе се залага за унапредување на животот на младите и во други области на делување и нивна севкупна афирмација.

## Приоритетна област I: Младинско учество и младинско информирање

Учеството на младите го претставува социјалниот ангажман и активизам на младите, нивно активно учество во решавањето на прашањата релевантни за нив и донесувањето одлуки како во локалните заедници, така и на државно ниво. Овој општествен ангажман се реализира преку граѓански организации, независни младински здруженија или преку некоја друга форма на формално или неформално граѓанско здружување.

Согласно Законот за младинско учество и младински политики, „младинско учество“ претставува процес кој им овозможува на младите учество и заедничко носење на одлуки за политики и програми кои директно или индиректно го обликуваат животот на младите.

Преминот од младост во зрелоста е обележан со социјална вклученост, што се одразува во преземањето на постојани општествени улоги, меѓу другото, во сферата на јавната активност. Младите имаат право да го споделат своето мислење кога се носат одлуки што ги засегаат на локално ниво, а општината има обврска да овозможи гласот на младите да биде слушнат.

Одржувањето и развојот на демократскиот систем се заснова на партиципативна политичка култура, која вклучува политички активни, заинтересирани, одговорни, еднакви и компетентни млади.

### *Моментална состојба*

Моменталната состојба согласно спроведеното примарно истражување говори дека 43% од испитаниците сметаат дека младите не се вклучени во носењето на одлуки во локалната самоуправа, околу 1/3 немаат информација, додека само 24% имаат позитивен став по прашањето.




*Графикон 1. Вклученост на младите во носење на одлуки во локалната самоуправа*

Ваквите бројки не се многу различни од податоците на национално ниво, според кои 75% од младите досега не биле вклучени од институциите при носењето на одлуки.[1]

Младите во Општина Ресен се повеќе вклучени надвор од формалните институции, каде нивното учество не зависи од формални органи и тела. Така, мнозинство од младите во Ресен (69%) имаат искуство во волонтирање за општествено корисна цел, додека нешто помалку од половина (47%) членуваат/членувале во граѓанска/младинска организација.

Сепак, запрашани како најчесто го минуваат слободното време, само 1% одговориле во младински клубови, 3% во граѓански организации и 3% во помагање во заедницата. Недостатокот на интерес за граѓански активизам во слободното време укажува дека или младите само формално членуваат/членувале во некоја граѓанска организација, или граѓанскиот сектор не успеал доволно да ги мотивира за континуиран активен граѓански придонес во заедницата.

Како најголем предизвик за граѓанско активирање младите го идентификуваат недостатокот на поддршка од институциите (60%), по што следат недостатокот на информации каде и како да се вклучат (57%) и недостаток на знаење како да се биде општествено активен (43%).

Од друга страна, младите од Општина Ресен најмногу слободното време го минуваат на кафе со пријателите, во спортски активности и на социјалните мрежи.

[1] https://www.wfd.org/sites/default/files/2022-05/WFD%20-%20infografici%202022%20za%20web.pdf (пристепено на 11.10.2023 година)




*Графикон 2. Активности на младите во слободно време*

Мнозинство од испитаниците потполно или делумно се согласуваат дека општината нуди можности за волонтирање (56%). Истовремено, мнозинство од младите од Ресен воопшто или делумно не се согласуваат дека возрасните во општината имаат доверба во младите да ги вклучат во носењето одлуки (63%), додека 60% воопшто или делумно не се согласуваат дека локалната самоуправа ги знае и ги разбира грижите на младите луѓе. Испитаниците најмногу се сложни дека општината не одвојува доволно финансиски средства за поддршка на младите (79%).

Сепак, кај 57% од испитаниците постои оптимизам дека младите луѓе имаат можност да влијаат во општината и да бараат одговорност, што ги прави значително поголеми оптимисти во споредба со младите на национално ниво, каде според едно истражување речиси 8 од 10 млади луѓе сметаат дека воопшто не можат да влијат врз тоа што и како работат властите.[2]

Што се однесува до младинското информирање, младите испитаници најчесто се информираат преку социјалните медиуми (96%), по што следат врсниците (72%) и пријателите/училиштето (63%).

[2] https://www.wfd.org/sites/default/files/2022-05/WFD%20-%20infografici%202022%20za%20web.pdf (пристепено на 11.10.2023 година)




*Графикон 3. Најчести канали за информирање на младите*

Мнозинство од младите испитаници посочуваат дека младите сакаат да се информираат (84%). Речиси сличен процент од нив (83%) се запознаени со недостатокот на локална Стратегија за млади, но високи 57% не знаат дали во нивната општина има Службеник за млади и 47% не се запознаени со информацијата дали во нивната општина има Локален младински совет. Ваквите резултати укажуваат на потребата од унапредување на транспарентноста на општината и доближување до младите.

Од друга страна, општината ја препознава потребата на младите да се информираат, па сите информации ги објавува на официјалната општинска веб страна, како и на социјалните мрежи. Истовремено, општината е секојдневно отворена за средби со граѓаните, вклучително и со младите. Ова се докажува и со мноштвото на склучени меморандуми од локалната самоуправа со граѓански локални организации кои третираат теми и активности со млади и поддршката која ја дава локалната самоуправа за младински иницијативи и реализација на младински проекти и настани.

Запрашани за какви содржини најмногу сакаат да се информираат, најмногу од испитаниците одговориле концерти и други музички настани, можности за младински размени во странство и обуки за подобрување на вештините. Младите од Општина Ресен најмалку сакаат вести со политичка содржина.




*Графикон 4. Содржини од интерес на младите*

## *Стратешка рамка*

Младите секојдневно ја изразуваат својата желба активно да се вклучат во општествениот живот на заедницата. Сепак, тие веруваат дека се исклучени и дека не им се даваат доволно ресурси, информации или обука што ќе им овозможат знаења и вештини за поактивно вклучување во животот на заедницата.

Согледувајќи ја актуелната состојба, Општина Ресен ќе се залага за приближување до младите и јакнење на транспарентноста, а во соработка со сите релевантни чинители ќе работи на развој на активна младина, која е мотивирана, проактивна и вклучена во процесите на носење на одлуки, креирање на младински политики и нивна имплементација.

Дополнително, преку поголема промоција и приближување на Сужбеникот за млади до младите во Ресен, како и преку креирање на функционален Локален младински совет, младите ќе бидат значително повеќе вклучени во носењето на одлуки и креирање на јавни политики од нивен интерес. Локалниот младински совет ќе делува како катализатор за видливост и решавање на проблемите на младите, особено оние кои припаѓаат на ранливи групи.

***SWOT анализа***

| **Јаки страни** | **Слаби страни** |
|---|---|
| - Постоење на Законот за младинско учество и младински политики<br>- Постоење на Службеник за млади | - Младите не знаат како да бидат општествено активни<br>- Недоволен број младински организации<br>- Слаба достапност на информации за младински активизам<br>- Отсуство на функционален младински центар за младинска работа и информирање |

| Можности | Закани |
|---|---|
| - Прилагодување на општинскиот профил на социјалните мрежи на потребите на младите<br>- Зајакнување на соработката на општината со (младински) организации<br>- Можности за лични средби со млади во општината | - Заминување на младите поради незадоволни основни животни потреби во градот<br>- Недостаток на интерес кај младите за активно учество во општествените процеси |

<table>
<tr><th colspan="2">Област 1 – МЛАДИНСКО УЧЕСТВО И ИНФОРМИРАЊЕ</th></tr>
<tr><td colspan="2">Стратешка цел 1.1: Локален младински совет кој успешно ги застапува потребите и интересите на младите пред Советот на општината, локалните институции и останатите чинители</td></tr>
<tr><td>Резултати</td><td>Индикатори</td></tr>
<tr><td>1.1.1 Формирање на младински совет на Општина Ресен, со рамноправна вклученост на сите засегнати страни</td><td>• Број на поднесени младински иницијативи</td></tr>
<tr><td>1.1.2 ЛМС е функционален и работи преку редовни квартални средби со сите засегнати страни на годишно ниво, идентификувајќи ги потребите на младите од Општината</td><td>• Број на одржани обуки и број на обучени лица</td></tr>
<tr><td>1.1.3 ЛМС редовно заседава и учествува на седниците на Советот на Општината, и поднесува најмалку 2 младински иницијативи на годишно ниво</td><td>• Број на одржани состаноци и теренски посети</td></tr>
<tr><td colspan="2">Мерки по цел 1.1:<br>• Дефинирање и изработка на годишен план и програма за работа на Советот<br>• Обуки на членовите на Младинскиот Совет за презентирање на младински иницијативи<br>• Локалниот младински совет одржува редовни состаноци и ги усвојува иницијативите согласно добиените информации од терен</td></tr>
<tr><td colspan="2">Стратешка цел 1.2: Младите се информирани и вклучени во јавниот живот и локалната самоуправа преку различни канали на информирање, вклучувајќи ги и социјалните мрежи</td></tr>
<tr><td>Резултати</td><td>Индикатори</td></tr>
<tr><td>1.2.1 Зголемен обем на информации коишто се однесуваат на културниот и забавниот живот во општината</td><td>• Зголемување на информациите на официјалните страни на општината кои се однесуваат на културно забавниот живот</td></tr>
<tr><td>1.2.2. Зголемени активности од областа на културата, забавниот живот и спортот</td><td>• Зголемен број на посетеност, прегледност, споделување за 25%</td></tr>
<tr><td colspan="2">Мерки по цел 1.2:</td></tr>
</table>

- Отворање на интернет веб - страна  и фан- страна за младинскиот центар
- Одржување на презентации во локалните институции

## Приоритетна област II: Младинска работа

Младинската работа се однесува на поддршка на младите луѓе да растат, да се подготват за самостоен живот и да се чувствуваат вклучени во општеството.

Согласно Стандардите за квалитет на младинска работа[3] младинската работа се дефинира како организиран и систематски процес на едукација и поддршка на автентичниот развој на младите со цел остварување на нивниот целокупен личен, социјален и општествен потенцијал и нивното активно вклучување во животот во заедницата. Помагајќи го личниот и социјалниот развој на младите, младинската работа помага и во развојот на самопочитта, самодовербата и социјализацијата на младите луѓе, нивното одржливо осамостојување и зајакнување на нивните способности потребни за успешно справување со секојдневните проблеми и ризици на кои се изложени. Истата доведува до еманципација на младите, развој на нивната толеранција и зајакнување на младешката одговорност, што пак од своја страна придонесува кон социјално вклучување и активно учество на младите во општествениот живот, зајакнување на социјалната кохезија и превенција на однесување кое е ризично по здравјето и безбедноста на младиот човек и по целокупното општество.

Младинската работа е препознаена и во Националната стратегија за млади 2023-2027, во која се посочува дека младинската работа игра централна улога во обезбедување на младите со можности да стекнат знаења, вештини и ставови кои им се потребни да бидат активни граѓани во општеството. Националната стратегија посочува дека и покрај тоа што младинската работа добива засилено признавање и препознавање во изминатите неколку години, поголем дел од институциите, младите и другите чинители во општеството се уште не се доволно запознаени со значењето, важноста и можностите кои ги нуди младинската работа, а младинската работа не е целосно воспоставена како професија.

### *Моментална состојба*

Врз основа на резултатите од спроведеното примарно истражување половина од младите испитаници учествувале на работилници за социјален и личен развој, но само 19% сметаат дека институциите на локалната самоуправа го поддржуваат развојот на младите. Само 12% од младите испитаници сметаат дека во општина Ресен се спроведуваат кампањи за спречување на ризично однесување меѓу младите.

Дека неформалното образование ги зголемува шансите на младите за полесно наоѓање на работа веруваат 44% од младите испитаници, додека 43% немаат став по однос на прашањето. Од друга страна, помалку од 1/3 од младите испитаници (29%) сметаат дека имаат можност да се вклучат во неформално образование, а 41% немаат информација дали такви можности им се достапни. Истовремено, само 1/3 од испитаниците сметаат дека во

[3] Стандарди за квалитет на младинска работа, Драган Атанасов и Билјана Василевска Трајкоска, Сојуз за младинска работа, Скопје 2019, преземено од https://smr.org.mk/wp-content/uploads/2020/04/Standardi-za-kvalitet-na-mladinskata-rabota.pdf (пристапено на 15.10.2023 година)

Општина Ресен постојат младински клубови/центри и/или младински организации кои се занимаваат со младинска работа.

Мнозинството од младите (95.59%) се согласни дека во Ресен недостигаат обуки за млади.




*Графикон 5. Перцепција за недостаток на обуки за млади*

На младите од Ресен најмногу им недостигаат обуки за личен развој (26%), по што следат обуките за кариерен развој (22%) и обуките за ментално здравје (18%). Ваквите проценти и не би требало да претставуваат изненадување ако се има предвид дека мнозинство од испитаниците се на средношколска возраст, на кои допрва им следи кариерен развој, но и лично развивање и созревање.

Најмал интерес за младите од Ресен има за обуки за социјално претприемништво (само 1%), а мал е процентот и на млади кои најмногу би сакале обуки за лидерски вештини (4%).




*Графикон 6. Вид на обуки кои им се потребни на младите*

### *Стратешка рамка*

Општината ги разбира и ги уважува потребите и интересите на младите и ќе продолжи да се залага за квалитетната младинска работа (вклучувајќи образование и обуки за млади) и

еднакви можности на сите млади луѓе за саморазвивање, доживување успех, стекнување искуство и стекнување независност.

Општина Ресен, поаѓајќи од важноста на младинската работа која го поддржува развојот на вештините и капацитетите на младите луѓе, се залага во соработка со граѓанскиот сектор и други релевантни актери да им обезбеди на младите можности надвор од формалното образование, за колективно и индивидуално дејствување.

Во таа насока, општината ќе го поддржи формирањето на младински центар, но и други младински клубови преку кои младите ќе може да се стекнуваат со неформално образование и да работатат на нивниот личен раст и развој.

Согласно Законот за младинско учество и младински политики, Младинските центри се места каде се подготвуваат и спроведуваат програми кои ја подобруваат благосостојбата на младите, развојот на личниот, социјален и професионален живот на младите, информации од важен интерес за младите и други аспекти од животот на младите.

***SWOT анализа***

| **Јаки страни** | **Слаби страни** |
| --- | --- |
| - Постоење на Законот за младинско учество и младински политики<br>- Постоење на Стандарди за квалитет на младинска работа | - Просторни капацитети за млади луѓе<br>- Недоволен број младински организации<br>- Неинформираност на младите за можностите за неформално образование во општината<br>- Отсуство на функционален младински центар за младинска работа и информирање |
| **Можности** | **Закани** |
| - Нова студиска програма при УКИМ – Мастер студии за младинска работа<br>- Создавање простор за млади, градење или менување на намената на постоечките објекти | - Младинската работа во РСМ се уште не е целосно препознаена како професија<br>- Заминување на младите поради незадоволни основни животни потреби во градот |

## Област 2 – МЛАДИНСКА РАБОТА

| **Стратешка цел 2.1: Зајакнати се капацитетите на локалните младински организации коишто спроведуваат програми за информирање и обуки, со кои се зголемени компетенциите на младите и делуваат на локално ниво** | |
| --- | --- |
| **Резултати** | **Индикатори** |

| | |
|---|---|
| 2.1.1. Реализирани 2 информативни кампањи во интерес на младите на годишно ниво. | • Број на оддржани на кампањи<br>• Број на вклучени и информирани лица |
| 2.1.2. Спроведени 2 програми за млади на годишно ниво за зголемување на компетенциите и дејствување на локално ниво | • Број на споREведени програми за зголемување на компетенциите на младите<br>• Број на директни корисници на програмите |
| **Мерки по цел 2.1:**<br>• Организирање на обуки за зајакнување на капацитетите за членовите на локалните младински организации<br>• Изготвени 2 програми за развој на компетенциите на младите луѓе | |
| **Стратешка цел 2.2: Активен младински центар кој функционира по високи европски стандарди и обезбедува услуги преку коишто младите продуктивно го искористуваат своето слободно време** | |
| **Резултати** | **Индикатори** |
| 2.2.1. Функционален младински центар во којшто 3 професионални младински работници ги спроведуваат годишните програми | • Број на младински работници вработени во младинскиот центар<br>• Број на млади директно вклучени во активности во програмата на центарот<br>• Број на млади индиректно вклучени во активности во програмата на центарот<br>• Број на реализирани настани од годишната програма |
| **Мерки по цел 2.2:**<br>• Обезбедени се просторни и технички капацитети по минимум стандарди коишто го поддржуваат програмското работење на младинскиот центар<br>• Дизајнирана е програма за искористување на слободното време на младите според нивните интереси и потреби<br>• Квалитетот на програмите е обезбеден преку 3 сертифицирани младински работници | |

## Приоритетна област III: Претприемништво и поддршка при вработување

Младоста е важен период од човечкиот живот во кој младиот човек ги поставува темелите на професионалната кариера. Во овој период младите ги формулираат своите аспирации и животни цели, ги бараат и ги наоѓаат своите улоги и одговорности во општеството и се движат кон економска независност. Тоа значи и дека младоста е период на социјална и психолошка транзиција, во кој младите се повикани да донесат важни одлуки и избори кои значително влијаат на текот на нивниот живот. Квалитетот на животот на младите во голема мера зависи од тоа колку е успешна нивната транзиција од училиште на работа. Неуспехот да се најде пристојна работа после училиште може да има сериозно влијание врз професионалниот капацитет и вештините на младите дипломирани студенти.

Дополнително, времето поминато без работен ангажман кога е завршен образовниот процес може да предизвика психолошки последици за младиот човек.

Младинската невработеност е глобално прашање кое ги погодува и развиените општества. Младите се несомнено потенцијалот и иднината на секоја земја, а властите со долгорочна визија за благосостојба и развој на нивната земја непрестано се стремат за изнаоѓање на најдобрите начини за интегрирање на младите во пазарот на труд.

Високи стапки на младинска невработеност се присутни и во земјите-членки на ЕУ, а на младинската невработеност не е имуна ниту РСМ.




*Графикон 7. Стапки на невработеност на младите (15-29) во РСМ*

Извор: https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__PazarNaTrud__StapkiDrugiIndikatori/088_PazTrud_Mk_StapNev_ml.px/chart/chartViewColumn/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-4e5f7ec5ef (пристапено на 11.10.2023 година)

Согласно последниот попис на населението од 2021 година, вкупно 395 млади лица од Општина Ресен се изјасниле како невработени активни баратели на работа, што е околу 17% од вкупниот број млади (15-29 години) во општината.

Многу држави излезот од младинската невработеност го гледаат во претприемништвото, како практична алтернативна кариера за многу млади.

Во РСМ, традиционалните пазари се недоволно развиени и следствено на тоа, не се сметаат за остварлива опција за финансирање на нови бизниси, особено не на стартапи со висок ризик. Покрај тоа, отсуството на значителен број на основни и стартап фондови, ризични капитали и бизнис ангели, им отежнува на претприемачите да основаат компании и да добијат финансии за нивните идеи. Друга пречка пред развојот на претприемништвото во Северна Македонија е недостатокот на мотивација, потреба од вештини и знаење кај младите за да се самовработат.

Но, од друга страна, државата изминатите години презема чекори за усогласување на законодавството со клучните регулативи на ЕУ (Закон за стратешки инвестиции, 2020 година), а дополнително на претприемништвото му погодува и засилената дигитализацијата на многу јавни услуги. Овој фактор во комбинација со лесните процедури за основање бизнис без административен товар помагаат да се создаде поволна средина за започнување претприемничка активност. Постои централизиран едношалтерски систем кој им овозможува на инвеститорите и претприемачите брзо да ги регистрираат своите бизниси и служи како корисна платформа за обезбедување информации за различни услуги за претпријатијата.

Националната стратегија за млади на РСМ 2023-2027 го дефинира претприемништвото како процес на започнување, организирање и управување со нов деловен потфат со цел да се создаде вредност и да се направи профит, а подготовка за млади пред вработување е збир на активности и обуки со цел младите да се здобијат со вештини, знаења и искуства неопходни за вработување. Развојот на претприемништво и подготовка пред вработување преставуваат можности за економски раст и отворање работни места, како и можност младите да постигнат финансиска независност и да ги исполнат своите кариерни аспирации. Во Стратегијата понатаму се посочува дека иако постои позитивен тренд на намалување на невработеноста кај младите лица се уште стапката на невработеност е голема, а стапката на вработеност е мала. Претприемништвото и подготовката пред вработувањето може да помогне да се реши невработеноста и да придонесе за подобрување на состојбата на економијата и пазарот на трудот преку обезбедување на вештини и ресурси неопходни за започнување и успех во сопствениот бизнис и вработувањето.

### *Моментална состојба*

Спроведеното истражување покажа дека 82% од младите во Општина Ресен повеќе би сакале да станат претприемачи и да започнат сопствен бизнис, отколку да работат за друг работодавач.

Иако мнозинството имаат желба да основаат сопствен бизнис, за 37% најголема пречка на патот до претприемништвото се финансиите. За нешто повеќе од 1/3, односно 35% сметаат дека недостатокот на знаења и вештини ги спречува младите да основаат сопствен бизнис, што и не е изненадување ако имаме предвид дека мнозинство испитаници се млади на средношколска возраст.

Позитивен наод е што младите ја препознаваат поддршката од семејтвото, па така никој од нив не посочил дека истата недостасува.




*Графикон 8. Пречка за основање на сопствен бизнис*

Само 6% упатуваат на недостаток на институционална поддршка како најголема пречка за основање на сопствен бизнис. Но, истовремено само 12% од испитаниците сметаат дека општината поддржува програми за младинско претприемништво, додека 51% имаат негативен став по прашањето, а остатокот не знаат. Тоа укажува на потребата на поголем ангажман на општината околу креирање и промоција на програми за поддршка за младинско претприемништво.

Што се однесува до причините за младинска невработеност, за 35% од младите испитаници најголема причина е недостатокот на работни места, по што следи отсуството на локална политика за економски развој со 25% од одговорите и лошите услови за работа со 16% од одговорите.

Загрижувачки податок е дека 78% од младите во Општина Ресен би се преселиле во друг град/населено место во потрага по подобри можности за работа. Анализата на двата последни пописи во државата покажува дека над 77.000 млади лица коишто се родени во РСМ заминале во странство во последните неколку години. Младинската емиграција е сериозен проблем на регионално и национално ниво, а одредени истражувања покажуваат дека главни причини поради кои младите си заминуваат од државата е неможноста да добијат квалитетно образование и потоа да се вработат.[4]

## *Стратешка рамка*

Општина Ресен се залага за унапредување на младинското вработување, овозможување на достојна работа на младиот човек, како и охрабрување на младите да започнат бизнис и претприемачка кариера во општината.

Особено е значајно претприемништвото да се промовира кај младите уште од најмала возраст, преку формалното и неформално образование, што налага прилагодување на

[4] https://fokus.mk/brojot-na-mladi-luge-megu-dva-popisa-se-namalil-za-shest-protsenti/ (пристапено на 11.10.2023 година)

наставните програми, но и вонnаставни обуки, работилници, семинари и други форми на учење.

Во таа насока општината ќе се залага за зголемување на бројот на обуки за младинско претприемништво, но и за соодветно пренесување на информациите за можности за кариера до младите, односно промоција на постоечките национални програми на АВРСМ.

Искуството стекнато во претприемничкото образование ја зголемува можноста за отворање нови компании, самовработување, отворање нови работни места, но и стекнување самодоверба и зајакнување на креативноста и општествената одговорност кај младите.

Имајќи предвид дека недостатокот на работни места беше идентификуван како една од најголемите причини за младинска невработеност, Општина Ресен се обврзува во соработка со бизнис заедницата да ги разгледа можностите за зголемување на бројот на вработени млади, како и да креира локална политика за забрзан економски развој, со посебен фокус на младинското претприемништво.

При остварување на наведените цели општината ќе примени холистички пристап, односно унапредувањето и промоцијата на младинското претприемништво ќе се одвива во соработка со сите релевантни чинители на локално и национално ниво.

***<u>SWOT анализа</u>***

| **Јаки страни** | **Слаби страни** |
|---|---|
| - Постоење на национални програми за поддршка на самовработување (претприемништво)<br>- Подготвеност за дополнителна едукација и професионален развој на младите<br>- Подготвеност за волонтерска работа (да се стекне работно искуство)<br>- Голем број млади луѓе имаат пристап до интернет;<br>- Младите знаат барем еден странски јазик (главно англиски) | - Недоволна информираност кај младите за постоечките програми за поддршка на вработувањето<br>- Неусогласеност на образовниот систем со потребите на пазарот на трудот<br>- Недостаток на претприемачко образование<br>- Недостаток на претприемачки вештини кај младите<br>- Младинското претприемништво не е соодветно развиено и придонесот на претприемништвото за намалување на невработеноста кај младите не е доволно признаен.<br>- Недостаток на функционален, сеопфатен, квалитетен и одржлив систем на кариерно насочување и советување за младите |
| **Можности** | **Закани** |

| | |
|---|---|
| - Развивање програма за неформално образование за поддршка на младите претприемачи<br>- Промоција на претприемачки начин на размислување<br>- Финансиска поддршка на младите претприемачи<br>- Користење на странски фондови<br>- Поголема поддршка од граѓанскиот сектор за креирање на модел за поддршка на младинското вработување<br>- Менторска поддршка за млади претприемачи | - Одлив на мозоци од Општина Ресен<br>- Отсуство на волја за реформа на образовниот систем, со што ќе се земат предвид потребите на домашниот пазар на трудот<br>- Незаинтересираност на индиректните корисници за спроведување на мерките поврзани со вработување и претприемништво на младите<br>- Продолжување на трендот на корупција и непотизам при вработувањето на младите<br>- Создавање негативна слика на медиумите за општата состојба на општеството, што негативно влијае на претприемачките амбиции на младите. |

| **Област 3 – ПРЕТПРИЕМНИШТВО И ПОДДРШКА ПРИ ВРАБОТУВАЊЕ** | |
|---|---|
| **Стратешка цел 3.1: Мотивирани и подготвени млади раководат со успешни бизниси со кои што го поддржуваат локалниот економски раст и развој** | |
| **Резултати** | **Индикатори** |
| 1.2.3. Најмалку 2 млади претприемачи се финансиски поддржани на годишно ниво за отворање на сопствен бизнис во општината | • Обезбедени минимум 10 000 евра на годишно ниво за поддршка на два локални бизниси од страна на Општината<br>• Број на новоотворени бизниси кои што се поддржани<br>• Број на вработени лица во новите бизниси |
| **Мерки по цел 1.1:**<br>• Општината има усвоени процедури и обезбеден буџет за два бизниси предводени од млади | |
| **Стратешка цел 3.2: Младите се оспособени за формирање и раководење на сопствени бизниси** | |
| Резултати | **Индикатори** |
| **3.2.1** Обезбедена менторска поддршка за младите претприемачи и новоотворените бизниси предводени од млади | • Број на ангажирани ментори за спроведување на програмата<br>• Број на млади претприемачи корисници на менторската поддршка |
| **3.2.2** Програма за обука за младинско претприемништво е отворена и применета за младите | • Број на млади претприемачи кои се директни корисници од програмата<br>• Број на локални бизниси вклучени во програмата |
| **Мерки по цел 3.2:** | |

- Усвоена е програма за менторска поддршка на млади претприемачи
- Избран локален провајдер за спроведување на обуки за младите претприемачи

## Останати области на делување

Имајќи ја предвид ограниченоста на ресурсите и потребата да се донесе прагматична, применлива и одржлива стратегија, Општина Ресен согласно претходно спроведеното истражување акцентот го стави на наведените три стратешки цели разработени како посебни области на делување.

Но, уважувајќи ја потребата од унапредување на животот на младите во сите сфери на нивното живеење, општината ќе презема континуирани мерки за унапредување и развој и во други области, прикажани во продолжение.

### *Образование*

Истражувањето покажа дека младите се критични во поглед на недостатоците и предизвиците со кои се соочиле/се соочуваат во училиштето.

Младите испитаници во најголема мера посочуваат дека во нивното училиште недостига младински клуб или друга форма на здружување (29%), а 1/5 од нив имаат желба и за повеќе воннаставни активности (спортски натпревари, музички/ликовни секции, театарски претстави, поетски читања и сл.). Загрижувачки е што речиси 1/5 укажуваат на недостаток на соодветно греење во зимскиот период, односно 19% од испитаниците.

Од друга страна, младите во Ресен се очигледно задоволни од училишните спортски сали и реквизити за физичко образование, како и од стручноста на наставниот кадар, за кои само 3% посочиле дека недостигаат обуки за кадарот со цел јакнење на нивните компетенции.




*Графикон 9. Недостатоци во општинските училишта*

Повторно се потврдува тезата дека младите од Ресен имаат интерес за неформално образование (65%), но значаен дел не знаат како да се вклучат или сметаат дека немаат можности за вклучување во неформално образование.

Мнозинство од испитаниците не веруваат дека образовниот процес ги подготвува за успешно вклучување на пазарот на труд (56%), а повеќе од половина (53%) сметаат дека училиштата не охрабруваат критичко мислење кај младите.




*Графикон 10. Ставови за образованието во општината*

Општина Ресен се залага за квалитетно образование и воспитание на младите генерации и нивно вклучување во севкупниот развој на македонското општество. На подрачјето на Општина Ресен има шест образовни установи, од кои пет основни училишта и едно средно училиште кое предвидува практична настава за учениците.

Локалната самоуправа во соработка со училиштата може да спроведуваат консултативни состаноци со бизнис заедницата за да се испитаат можностите за збогатување на практичната настава преку инволвирање на нови бизниси.

Покрај тоа, општината гледа можност во соработка со граѓанските организации и образовните установи да се организираат обуки и работилници за критичко мислење и препознавање на лажни вести.

Дополнително, Локалната самоуправа во својот делокруг на надлежности може да презема активности и иницијативи со Министерство за образование и наука во насока на спроведување на националните политики за квалитет на образованието, усовршување на наставниот материјал, како и лобирачки активности со цел унапредување на меките вештини на младите и нивна подготовка за успешно вклучување на пазарот на труд.

### *Култура и спорт*

Согласно спроведеното истражување младите од општина Ресен во голем процент (60%) се задоволни (потполно или делумно) од тоа што општината им го нуди за задоволување на нивниот културен живот. Сепак, не се за занемарување ниту повеќе од 1/3 од испитаниците (40%) кои одговориле дека воопшто не се задоволни.

Младите кои не се многу задоволни, сметаат дека општината треба да поработи на подобрување на инфрастурата во областа на културата (45%), додека 27% од младите сакаат повеќе забавни паркови и отворени фестивали. Младите во Ресен најмалку се заинтересирани за повеќе претстави на отворено, за што одговориле само 4% од испитаниците.




*Графикон 11. Какви културни содржини им недостигаат на младите во општината*

Високи 84% од испитаниците се делумно или потполно задоволни од условите за спорт и спортски активности во Ресен.

Од друга страна, оние кои не се задоволни сметаат дека во општината има недостаток на спортски терени на отворено, додека дел од младите укажуваат дека спортски терени има, но истите не се достапни за сите млади подеднакво. Околу 1/5 посочуваат и на недоволна заштита на спортските реквизити кои се уништени, додека 16% посочуваат дека општината не дава финансиска и друга поддршка на успешни спортисти.




*Графикон 12. Недостатоци на спортскиот живот во општината*

Општина Ресен го препознава значењето на спортот и спортските активности за психо-физичкото здравје на младите и се залага за подеднакви можности за спортување за сите млади. Согласно Статутот на Општина Ресен, општината посветува посебно внимание на развојот на масовниот спорт и на субјектите кои собираат повеќе млади спортисти се со цел да се развие нивниот спортскиот дух и здравјето.

Во таа насока, општината ќе ја зајакне соработката со спортските друштва и клубови на нејзина територија, и ќе работи на поголема промоција на спортскиот живот меѓу младите. Воедно, општината ќе се стреми да отвори спортски терени на отворено кои ќе бидат подеднакво достапни за сите млади.

Истовремено, општината ќе продолжи да вложува во културниот живот преку организација на културно-уметнички манифестации и да поттикнува и охрабрува различни форми на творештво меѓу младите. Во соработка со централните власти и преку национални и меѓународни фондови Општина Ресен ќе се стреми и да ја збогати инфраструктурата во областа на културата.

### *Здравство*

Повеќето од испитаниците својата здравствената состојба ја опишале како одлична (59%), многу добра (22%) и добра/просечна (18%).

Мнозинство од испитаниците изјавиле дека никогаш не употребиле дрога (96%), а 76% учествувале на презентација за штетните ефекти од конзумирање на дрога и психотропни супстанци. Околу 3/4 сметаат дека се запознаени со разните ментални состојби, нивните причини и симптоми. Нешто повеќе од 1/3 односно 37% одговориле дека се соочиле со предизвици по нивното ментално здравје, но само 12% се обратиле на психолог/психотерапевт и само 7% користеле лекови за ментално здравје. Тоа може да биде индикатор на стереотипизација на консултирањето со психолог/психотеравт и срам да се посети такво стручно лице. Независно на причините, општината и надлежните институции мора да поработат на кревање на свеста кај младите за важноста на менталното здравје и како истото да се заштити.

Само 13% од испитаниците одговориле дека локалните институции/организации редовно ги едуцираат младите за менталното здравје и последиците од конзумирање на психотропни супстанци, што е индикатор за потребата од засилена едукативна кампања во која покрај формалните институции би се вклучил и граѓанскиот сектор. Според ¾ од испитаниците ваквата едукација е повремена.




*Графикон 13. Ставови за здравствени прашања*

Здравјето на младите е особено важна тема за секоја земја. Согласно Светската здравствена организација здравјето е состојба на целосна физичка, психичка и социјална благосостојба, а не само отсуство на болест или телесни недостатоци. Токму затоа мора да се зајакне грижата за здравјето на младите.

Според УНИЦЕФ: „До 20 проценти од адолесцентите на глобално ниво доживуваат ментални нарушувања. Три од четири проблеми со менталното здравје на возрасните лица започнуваат во детството и адолесценцијата, а алармантен дел од адолесцентите, 5 - 10 проценти во земјите со високи приходи и 15 проценти во земјите со средни и ниски приходи имаат обид за самоубиство“.[5] Воедно, „се проценува дека три четвртини од проблемите со менталното здравје се појавуваат пред 25тата година.“[6]

Општина Ресен сериозно ги зема резултатите кои укажуваат на незанемарлив број на млади кои се соочиле со предизвици по менталното здравје. Емоционалната благосостојба на

[5] https://www.unicef-irc.org/research/mental-health (пристапено на 12.10.2023 година)

[6] Здружение на граѓани Младите можат, Грижа за менталното здравје на млади, февруари 2022 година, преземено од https://youthcan.org.mk/wp-content/uploads/2022/03/Publikacija-MM-%D0%9C%D0%B5%D0%BD%D1%82%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%BE-%D0%97%D0%B4%D1%80%D0%B0%D0%B2%D1%98%D0%B5.pdf (пристапено на 12.10.2023 година)

младите е исто толку важна како и нивното физичко здравје. Доброто ментално здравје им помага да развијат издржливост да се справат со се што им носи животот и да прераснат во здрави возрасни луѓе.

Најмладото население е особено ранлива популациска категорија. Согласно Национална стратегија за унапредување на менталното здравје во РСМ[7] 50% од сите случаи на нарушување на менталното здравје почнуваат во детството до 14 година (15), а 75% до 24 година од животот, што говори за тоа дека најважната превенција и рана интервенција треба да се одвива во детството. Згора на тоа само 20% од младите кои имаат потреба од третман го добиваат, при што постои околу 10 години период на одложување на третманот од почетокот на симптомите, дури и во високо развиените земји.

Општина Ресен во соработка со релевантни институции и организации, поддржува систематски кампањи за ментално здравје. Воедно, ќе се работи на континуирана едукација и обука за менталното здравје на младите и рушење на стереотипизацијата од посета на стручни лица (психолози/психотерапевти).

### *Безбедност (насилство)*

Особено значаен и надоврзан сегмент на здравствената заштита на младите е нивната безбедност. Висок процент на млади во Општина Ресен (94%) потполно или делумно се чувствуваат безбедно (дома, на училиште/факултет, на улица, на работа) и високи 87% потполно или делумно се чувствуваат прифатени/почитувани од средината.

Иако мнозинство од испитаниците изјавиле дека се чувствуваат безбедно, сепак 32% (комбинирано потполно и делумно се согласувам) одговориле дека младите често се жртви на физичко насилство, додека високи 60% сметаат дека младите често се жртви на онлајн насилство, што укажува на потребата од засилена контрола на онлајн просторот.

Ваквите наоди укажуваат на потребата да се поработи на превенција на насилничко однесување меѓу младите во виртуелната, но и физичка реалност, уште повеќе ако се земе предвид дека 14% од младите испитаници биле жртви на насилство, наспроти 49% кои посведочиле насилен акт кон младо лице.

[7] Национална стратегија за унапредување на менталното здравје во Република Македонија септември 2018 - 2025 година, преземена од https://zdravstvo.gov.mk/wp-content/uploads/2020/05/strategija-za-MZ-2018-2025-170718-pf-1.pdf (пристапено на 18.10.2023 година)




*Графикон 14. Степен на согласност со искази за безбедносни прашања*

Младите од Ресен најмногу се плашат од неизлечиви болести (60%). Потоа следат војните и вооружените конфликти со 46%, што може делумно да е резултат на моменталните активни вооружени конфликти на глобално ниво кои добиваат внимание во јавниот простор.

На трето место на стравови кај младите е сиромаштијата (37%) по што следи невработеноста со 34% од одговорите. Од друга страна, младите најмалку стравуваат од загадување на воздухот (4%).




*Графикон 15. Најголеми стравови за иднината*

Безбедноста преставува примарна потреба и желба, но истовремено претставува и темелен услов за ред, мир и општествен развој. Според Wolfers „безбедноста, во објективна смисла го мери отсуството на закани кон прифатените вредности, а во субјективна смисла отсуството на страв дека таквите вредности ќе бидат нападнати“.[8]

Општина Ресен во рамки на својот делокруг на работа, во соработка со надлежните институции (здравствени установи, училишта) и граѓански организации кои работат во оваа област ќе работи на превенција на девијантни појави меѓу младите и зголемување на објективната и субјективна безбедност, а особено превенција на врсничко насилство. Воедно, општината ќе работи на подобрување на инфраструктурата во јавниот простор (улично осветлување и слично) што ќе придонесе за зголемување на безбедноста на младите.

Во соработка со Министерството за внатрешни работи ќе се овозможат зачестени безбедносни контроли во фреквентни места со цел поголема заштита на младите и превенција на насилно однесување.

[8] Arnold Wolfers, “National Security as an Ambiguous Symbol”, Political Science Quarterly, 67/4, декември 1952, стр. 167-168.

СОДРЖИНА:

1.Заклучок по Финансиски план за 2026 година на СОУ ,,Цар Самоил’’ – Ресен.............................стр.1

2.Заклучок по Финансиски план за 2026 година на ООУ ,,Мите Богоевски’’ – Ресен......................стр.10

3.Заклучок по Финансиски план за 2026 година на ОУ ,,Гоце Делчев’’ – Ресен..............................стр.17

4.Заклучок по Финансиски план за 2026 година на ООУ ,,Славејко Арсов’’ – с.Подмочани..........стр.24

5.Заклучок по Финансиски план за 2026 година на ООУ ,,Димитар Влахов’’ – с.Љубојно.............стр.35

6.Заклучок по Финансиски план за 2026 година на ООУ ,,Браќа Миладиновци’’ – с.Царев Двор...стр.44

7.Заклучок по Финансиски план за 2026 година на ЈОУДГ ,,11 Септември’’ – Ресен......................стр.53

8. Заклучок по Финансиски план за 2026 година на ОУ Дом на култура ,,Драги Тозија’’ – Ресен..........................................................................................................стр.60

9. Програма Г1-Локален економски развој на Општина Ресен за 2026 година............................стр.69

10. Програма Г2-Поттикнување на развојот на туризмот во Општина Ресен за 2026 година........стр.74

11.Програма МБ – Прекугранична соработка во Општина Ресен за 2026 година..........................стр.77

12. Акционен план за енергетска ефикасност на Општина Ресен за 2026 година.........................стр.81

13. Програма за чистење на речните корита на подрачјето на Општина Ресен за 2026 година.......................................................................................................................................стр.85

14. Програма за заштита на животната средина и природата на подрачјето на Општина Ресен за 2026 година...................................................................................................................................стр.93

15. Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Ресен за 2026 година.....................................................................................................................................стр.115

16. Програма ЈД- за изградба и реконструкција на локалните патишта и улици за 2026 година.....................................................................................................................................стр.122

17. Програма ЈГ - за изградба, реконструкција и одржување на водоводи за 2026 година..........стр.127

18.Програма Ф-Урбано планирање Ф10-Урбанистичко планирање Изработка на урбанистички планови во Општина Ресен во 2026 година.........................................................................стр.132

19. Програма за заштита и благосостојба на животните-третман на бездомните кучиња нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини, без присуство на сопственикот за 2026 година..........................................................................................стр.155

20. Програма ФА-уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Ресен за 2026 година.....................................................................................................................................стр.159

21. Заклучок по Програма за одржување на комуналната хигиена во 2026 година на ЈКП „Пролетер“ Ресен........................................................................................................................стр.168

22. Заклучок по Програма за одржување на јавната чистота во град Ресен за 2026 година на ЈКП „Пролетер“ Ресен.........................................................................................................стр.182

23. Заклучок по Програма за работа на градските гробишта - Ресен за 2026 година на ЈКП „Пролетер“ Ресен........................................................................................................................стр.199

24. Заклучок по Програма за работа на канализација и прочистување на отпадни води за 2026 година на ЈКП „Пролетер“ Ресен.......................................................................................................стр.203

25. Заклучок по Програма за работа на РЕ Водовод во текот на 2026 година на ЈКП „Пролетер“ Ресен........................................................................................................................стр.209

26. Заклучок по Програма за субвенционирање на ЈКП “Пролетер“ Ресен за 2026 година......................................................................................................................стр.223

27. Програма за унапредување на здравствената и социјална заштита во Општина Ресен за 2026 година......................................................................................................................стр.225

28. Одлука за одобрување на финансиски средства за учество на Општина Ресен во реализација на проектот - “Воспоставување на Ресурсен центар за социјална поддршка на Општина Ресен“......................................................................................................................стр.240

29. Одлука за определување на висисната на стапките на данок на имот..................................стр.242

30. Одлука за редовно ажурирање на „ Процената на загрозеноста на подрачјето на Општина Ресен од сите ризици и опасности“.......................................................................................стр.244

31. Предлог-Одлука за продолжување на работното време на угостителски објекти на подрачјето на Општина Ресен за време на одржување на манифестации во 2026 година................................стр.245

32. Одлука за усвојување на Локалната Стратегија за млади на Општина Ресен за 2025 - 2029 година......................................................................................................................стр.247

**Издавач:Општина Ресен**
**Тел:047-551-770**
**Буџетска сметка: 7600140754630 10 НБРМ**
**Даночен број: 4024004107609**
**Матичен број: 601857**